*Христо Андонов-Полјански*

# ОСВРТ НА ИЗВОРИТЕ И НА ЛИТЕРАТУРАТА ЗА ОДНОСОТ НА ЕВРОПА КОН ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

ПО ПРАШАЊЕТО за односот на Европа кон Илинденското востание постои опстојна изворна и друга литература. Оваа забележителна појава резултирала од создадениот уште за време на Илинденското востание впечатлив интерес за македонското прашање не само сред европската дипломатија, туку и сред печатот и општественото мислење. Бројните актуелни аспекти на самото востание, македонското ослободително движење, реформената политика на Силите, што се протегала сè до Младотурската револуција, како и промакедонската активност на европското општествено мислење, нашле соодветен одраз во дипломатската кореспонденција, дипломатските збирки, мемоарската и патеписната литература, публицистиката, печатот, дипломатските студии и истории и во историографијата.

Со цел да се добие една целосна прегледност во развиената продукција по прашањето за односот на Европа кон Илинденското востание, во овој прилог се обидуваме да го регистрираме тој карактеристичен феномен од поновата македонска историја, кое што во основа ја афирмирало Македонија во европски размери. Во освртот работите не се разгледуваат библиографски, иако библиографските прегледи чинат суштествена основа,[1]) туку, дадена е тематска анализа.

---

[1]) R. Pinon, L'Europe et L'Empire Ottomane, Paris 1909, 104—107; A. I. Krainikowsky, La question de Macédoine et la Diplomatie Europeene. Paris 1938 (Bibliographie); Х. Г. Андоновски — Пољански, Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и Мирцштегските реформи. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје 8 (1955). Библиографија, 49—55; А. Дж. Тейлор, Борьба за господство в Европе 1848-1918 Москва 1958, 581—594. Исто за ова прашање: Г. Абациев, Библиографија на книги, статии и документи за Илинденското востание. — Илинденски зборник 1903—1953. Скопје 1953 (сепарат, 3—43); Истиот — Прилог кон библиографијата за Илинденското востание. — Гласник на Институтот за национална историја (Скопје) I/2 (1957), 243—250; Х. Г. А. Историографијата во НРМ од Ослободувањето до крајот на 1956; за 1957—1959; за 1960—1961; — Гласник I/1 (1957), IV/1—2 (1960), VII/2 (1963).

# I

1. Од поглавните изворни материјали за историјата на темата што ја разработуваме на прво место ги поставуваме дипломатските документи. Тука во прв ред спаѓа дипломатската преписка на странските претставници во Македонија и официелните дипломатски инструменти за развитокот на реформеното дело во Македонија. Ваква изворни материјали забележени се во мошне достатен број. Нив ги издавале владите што имале свои претставници во Македонија. Такви претставници предимно имале империјалистичките и балканските држави. Особено силно зачестило поставувањето на вакви дипломатски претставници по Кримската војна, кога Турција се повеќе станувала зависна од капиталистичките држави како во политички, така и во економски поглед. Тогаш, Македонија, се наоѓала во центарот на опширната Отоманска империја и како таква станала прицелна точка во интересите на капиталистичките држави. Овој интерес за Македонија, за зафаќање на сфери на влијание во неа, станувал се понастојчив и при крајот на XIX и почетокот на XX век, достигнал врвна кулминација. Се поинтензивниот развиток на македонското национално-солободително движење нужно го побудил интересот на капиталистичките држави, преку своите дипломатски претставници, да ја следат револуционерната борба на македонскиот народ и за тоа со најможни детали да ги известуваат своите влади. На тој начин бил одредуван и официелниот курс, што се преземал за разјаснување на водената политика пред општественото мислење, кое се јавувало како нов фактор во европската политика при крајот на XIX и почетокот на XX век.

Со цел да го оправдаат основниот курс на водената политика, а од друга страна непосредно и да влијаат на општественото мислење, некои империјалистички држави започнале периодично да ги издаваат дипломатските документи во специјални едиции. Во овие документи во главно биле изложени основните принципи на нивната политика кон одреденото подрачје. Едициите имале специјализиран тематски карактер и во нив биле презентирани само проверени становишта. Едициите биле издавани токму во времето кога настаните имале актуелен карактер и кога тие го предизвикале вниманието на дипломатијата и на јавноста. Што се однесува до принципот на подборот на документацијата треба да се наспомне дека биле објавувани само такви документи, што имале тенденција да го оправдаат и на своевиден начин лансираат ставот на официелната политика. Затоа, потребно е да се констатира дека во овие едиции не влегувале тајните доверливи документи. Нив треба да ги бараме во архивите на односните влади заинтересирани по прашањето на Македонија. Но, и по ова прашање констатираме извесни специфичности. Додека некои влади (напр. Велика Британија и Франција) речи си во грото ги издавале дипломатските документи, останатитите сили не преземале такви иницијативи (напр. Русија, Австро-Унгарија, Италија). Во тој поглед осамен е случајот на Германија, која подоцна издала подбор од својата документација.

Кога го засегнуваме прашањето на тајните, доверливи документи, а исто така и на уште други необјавени, потребно е тоа прашање да го конкретизираме со уште податоци. Имено, што се однесува до британските документи веќе рековме дека тие во основа најповеќе се издавани. Необјавени се само документите од најдоверлив карактер (напр. Решенија од седниците на владата, решенија на односните оддели при Форењ офис и извесни детали во врска текот на акциите на британското промакедонско општествено мислење и кореспонденцијата помеѓу турското пратеништво во Лондон и Форењ офис). Случајот со Франција е малку поинаков. Во специјалните едиции, а и подоцна во специјалната збирка на дипломатски документи, објавени се само најзначајни документи. Најдоверливите документи и подробните извештаи за текот на револуционерните акции во Македонија во текот на востанието и по него не се уште објавени. Италија има објавено само најцелисходен подбор на документи. Ист е случајот и со Австро-Унгарија, но со малку поопстоен подбор. Подоцна по истражувачка работа беа објавени неколку збирки од австроунгарската архива. Што се однесува до Русија треба да се спомене дека царистичката влада не издавала ваква документација, освен една специјална мала збирка на подбран материјал. Подоцна правени се обиди да се издаваат некои документи. Донекаде е ист случајот и со Германија, со таа разлика што таа издала еден поостоен подбор на документи[1a]). Од друга страна, треба да споменеме дека по капитулацијата на нацистичка Германија Американците се добрале и до Архивата на германското Министерство на надворешни работи, ја преснимале сета документација и ја презентирале на увид на научниците во европските архиви по пат на микрофилми. Во овој фонд на документација ние се среќаваме и со еден значителен материјал за македонската историја (1884—1911), а во тој поглед и за нашава тема[2]). Од посебен интерес се тука извешатите од дипломатските претставници во Турција, односно во Македонија. Тоа е документацијата од 28 јули 1903 година до 31 декември 1907 година[3]).

Во издавањето на дипломатски документи преку специјални едиции најповеќе предначела Велика Британија. Издавањето на вакви публикации било поврзано со зависноста на британската влада да одговара пред Парламентот, во посебни изложенија да ја презентира својата политика, односот кон заинтересираното подрачје[4]). Овие специјални изложенија носат назив: „Сина книга" (Blue Book), според сината боја на насловната корица[5]). Какошто веќе понапред нагласивме

---

[1]a). Со исклучок на податоците наведени кај: Johann Sass. Die deutschen Weissbücher zur auswärtigen Politik, 1876—1916. Geschichte und Bibliographie. Berlin und Leipzig 1928.

[2]) Public Record Office. London—German Foreign Ministry. Vol. I.—I. A. Türkei 156. Verhältnisse in Macedoinien. 1884—1911.

[3]) Idem—Reels 425 (1—860); 426 (1—897); 427 (1—858); 428 (1—884); (1—491).

[4]) За ова поподробно кај: А. Дж. Тејлор, op. cit., 570—571.

[5]) Официалниот наслов на „Сините книги" за Турција, односно за Македонија е следен: „Further Correspondence Respecting the Affairs of South — Eastern Europe. — Presented to both Houses of Parliament by Command of His Majesty. London. Периодично за Турција и Македонија под „Turkey".

овие публикации, односно „Сините книги", претставувале подбор на документите од британските дипломатски архиви, од официелната документација на Форењ офис[6]). Тие содржат доста богат, интересен и оригинален материјал. Претставуваат по својата непреценлива содржина изворен материјал од прва рака.

Висока оцена заслужуваат и „Сините книги", што се однесуваат на Македонија. Тие даваат ценет материјал за односот на Европа према Илинденското востание и воопшто за македонската историја, особено за периодот 1903—1908 година.

Ценоста на овие материјали пред сѐ произлегува од тоа што Велика Британија имала во Македонија способни и умешни дипломати, кои со успех ги извршувале поверените мисии, во доследно спроведување империјалистичките интереси на Британија на ова подрачје. Ова во извесна смисла произлегувало од таму што на чело на британската дипломатска мисија во Отоманската Империја се наоѓал способниот пратеник Сер Николас О'Конор (Sir Nicholas O'Conor, 1843—1908), под чие ведомство се наоѓале и конзулатите во Македонија. Тој се наоѓал на долгогодишна дипломатска служба и со успех ги извршувал сите доверени мисии. Пред да стане пратеник во Цариград тој бил пратеник во Петроград и во Софија. Како таков важел за голем познавач на словенските работи. а поспецијално со време се истакнал особено како експерт за балканските проблеми. За пратеник во Цариград бил назначен во 1898 година и таму останал на должност сѐ до својата смрт во 1908 година[7]). На должноста пратеник во Цариград тој останал скоро една цела деценија, во една деценија на крупни настани и промени, што ја волнувале Отоанската Империја. Во текот на службовањето тој успешно ги заштитувал британските интереси и со тоа стекнал доверба меѓу британските владини кругови. Таа доверба кон него се гледа и од фактот што тој при решавањето на многу горливи, прашања добивал од својата влада одврзани раце. Тој со особен интерес го следел македонското национално-ослободително движење особено Илинденското востание и настаните во Македонија по востанието. Тој; често се заложувал и инсистирал на умешни предлози за поконструктивно решавање на македонската криза[8]). При ова треба да се нагласи фактот дека тој тоа го преземал и постигнал благодарение и на тоа што тој имал способни помошници во лицето на генералните конзули и вице-конзули. Во она време Велика Британија ги имала следниве претставници во Македонија: генерален конзул во Солун (во 1903 година генерален конзул бил А. Билиоти (A. Billioti), а потем Р. В. Гревс (R. W. Graves); вицеконзули: во Битола (на чело со Џемс Мак Грегор (James Mc Gregor), во Скопје (на чело со R. Fontana), во Сер

[6]) Регистриран преглед на „Сините книги" кај: H. W. V. Temperley and L. M. Penson, A Century of Diplomatic Blue Books 1815—1914. Cambridge 1938.

[7]) Табаков Др С., Sir Nicholas O'Conor. — Демократически преглед (София) VI/V (1908), 554—557; За истово прашање: Х. Пољански, Англиските дипломатски извештаи за текот на Илинденското востание во Битолскиот револуционерен округ. — Современост (Скопје) VIII/7—8 (1958), 728—729.

[8]) Х. Пољански, op. cit., 729.

(на чело со Teodorides)[9]). Со ваков помошен штаб О'Конор можел поорганизирано да ги следи настаните во Мекедонија и со помош на нивните извештаи и со свои набљудувања да изнесува автетични извештаи до својата влада, се разбира се во рамките на водената официелна политика, а на моменти и на презентирање на своето сопствено становиште и на својата лична иницијатива, За нашава тема интересно е да се наведе дека О'Конор не бил само обичен набљудател на настаните туку се заложувал, според силите и според официелната релација на империјалистичката политика на својата влада, прашањето на Македонија да се реши што поволно и често наблегал за доследно спроведување на реформите и за донесување на поефикасни мерки за решавање на кризата. Ова го потврдуваме пред сè од дипломатската документација објавена во „Сините книги" и тоа за периодот 1903—1908 година, до кога и се протега опсегот на нашава теа. Тоа се предимно дипломатски извештаи и прилози од сличен карактер, кои стриктно ги третираат прашањата од македонското револуционерно движење, односот на европската дипломатија, реформите и реформеното дело, дејноста на странските цивилни агенти во Македонија, реорганизација на турската жандармерија, помошната акција за настраданите во востанието, финансиските и судските реформи за Македонија и на крајот обидот на Британија и на Русија со Ревалското согласување да придонесат за поповолното решавање на македонското прашање.[10]) Со третирање на вакви актуелни прашања од доменот на тогашното македонско секојдневие, кое од друга страна ја волнувало Европа, „Сините книги", иако во нив не била објавувана целокупната документација, одиграле мошне значајна улога. Тие предимно биле наменети за Парламентот, но посредно со нивната содржина, особено, преку печатот, се запознала британската јавност, која впрочем и инсистирала за нивно почесто публикување. Со овие публикации јавноста, во еден делумен опфат, се запознавала со официелната политика, со степенот на заангажираноста да се решат политичките кризи. Затоа британската јавност така настојчиво и се прифатила за изнајдување на поповолен и поефикасен modus vivendi за решавање прашањето на Македонија, и покрај што тоа се косело со официелната империјалистичка политика.

Од непомало значење за нашава тема се и француските дипломатски документи, кои исто така биле издавани во специјални едиции и тоа со назив: „Жолта книга" (Livre Jaune), според жолтата боја на насловната страна.[11]) Главната карактеристика на овие публикации е во тоа што и во нив е објавен одбран материјал и тоа се гледа дека овдека подборот бил поголем одколку кај „Сините книги." И во овие

---

[9]) Idem, 730.

[10]) За нашава тема се однесуваат следниве „Сини книги": Turkey—№ 1 (1904) № 2 (1904), № 4 (1904), № 2 (1095), № 3 (1905), № 1 (1906), № 2 (1906), № 1 (1907), № 2 (1907), № 3 (1907), № 1—2 (1908).

[11]) Официалниот наслов на „Жолтите книги", што се однесуваат за Македонија е следен:„Documents Diplomatiques. Affairs de Macédoine. Paris, Ministère des Affaires Ètrangeres. Покрај тоа потребно е да се погледне и серијата: Documents Diplomatiques. Affaires d'Orient. Paris 1897—1905.

изворни материјали се среќаваме со доста содржајни, богати материјали. Тоа пред сè произлегувало од намерата француските капиталистички кругови што попродлабочено да се запознаат со движечките македонски снаги, со врвежот на настаните во Македонија. Сосема бил очебиен фактот за судирот во ова подрачје на империјалистичките сили и затоа не биле штедени средства и сили да се запознае што подобро ова толку „заинтересирано" подрачје на европската политика при крајот на XIX и почетокот на XX век, што го носело името — Македонија. И во овој случај примарна била улогата на дипломатските претставници. Такви и Франција ги имала во Македонија. Во случајот особено би агилен конзулатот во Солун, а со време и другите француски претставништва во Македонија. Меѓу извештаите на овие претставништва во Македонија особено богато содржајни се извештаите на конзулот Стег (Steeg), кој е познат со своите предлози за решавање на кризата во Македонија, а исто така и поради својата ангажираност во финансиската комисија за Македонија. Покрај овие извештаи, треба да ги наведеме и извештаите на пратениците во Цариград: J. E. Констанс (J. E. Constans) и E. Бапст (E. Bapst). И во овие извештаи се среќаваме со содржаен материјал за македонското революционерно движење, текот на реформената акција, реорганизација на жандармеријата, особено дејноста во францускиот жандармериски сектор и текот околу донесувањето на финансиски и судски реформи за Македонија[12]). Овие извештаи, иако не се објавени сите, имаат значење за темава што ја обработуваме. Тие дополнуваат низа интересни прашања и ја презентираат француската политика, која се позаангажирано настапувала при решавањето на македонското прашање.

Следејќи го примерот на останатите империјалистички држави и Австро-Унгарија издала специјални публикации со дипломатски документи. Тие повеќе се познати со називот „Црвени книги" (Livre Rouge), според црвената боја на насловната страна[13]). И во овие публикации е објавен подбран материјал и тоа таков којшто одредено ја третира австро-унгарската империјалистичка политика кон Македонија. Тоа произлегувало од потребата што порељефно да се покаже „заинтересираноста" на австро-унгарската дипломатија кон македонските работи, зад чија позадина се криела задкулисната маневра да се зафатат што поволни позиции во продорот кон Вардарската долина, кон Солун. Голема улога во овозможувањето на австро-унгарското влијание одиграле нејзините дипломатски претставници во Турција, односно во Македонија. Тука пред сè би ја истакнале личноста на Барон фон Калице Baron von Calice), кој пројавувал посебен интерес кон македонските работи. Тоа го констатираме од неговите извештаи, што ги испраќал во Балплац, седиштето на австро-унгарското министерство во Виена.

---

[12]) За нашава тема се однесуваат следниве „Жолти книги": — Affaires de Macédoine — 1902, 1903—1905, 1907 („Жолтата книга" за 1906 година не ни беше пристапачна).

[13]) Официелниот наслов на „Црвените книги", што се однесуваат за Македонија, е следен: „Diplomatische Aktenstücke über die Reformaktion in Mazedonien. Wien, K. u. K. Ministerium des Äussern.

Неговите извештаи се доста содржајни и третираат интересна проблематика од македонското револуционерно движење, текот на реформената акција, работата на австро-унгарскиот цивилен агент за Македонија, ангажираноста околу обезбедувањето на австро-унгарски сектор за реорганизација на жандармеријата и дејноста на австро-унагрските офицери во овој сектор, како и донесувањето на финансиските и судските реформи за Македонија[14]). Овие материјали се исто така од значење, тие дополнуваат низа прашања од интерес. Тоа особено се однесува за подоброто комплетирање на дипломатската акција на империјалистичките сили во Македонија и за текот на реформеното дело.

Од сличен карактер е и италијанската „Зелена книга" (Libro Verde), во која е објавен подбран материјал и тоа за периодот август 1903 до мај 1905 година.[15]) Овдека се објавени, во најголем број, извештаите на италијанскиот пратеник во Цариград (Malaspina), како и на италијанските конзули во Македонија. Во извештаите е третирана македонската проблематика, текот на реформената акција, улогата на Италија во реорганизацијата на македонската жандармерија, зацврснување на италијанскиот сектор на жандармеријата, спротивностите со другите сили, особено со Австро-Унгарија, осигурување на подобри позиции и натамошниот тек на работите во реформирањето на Македонија. Во извештаите јасно проличуваат тенденциите на италијанската империјалистичка политика за зафаќање и обезбедување посигурни и повлијателни сфери на влијание на Балканот.

За потфатот на останатите сили се повела и Русија. За да го оправда своето становиште по македонското прашање царската руска влада во една специјална едиција издала сосема ограничен подбор на документи.[16]) Во неа се објавени само неколку документи за руското становиште по реформите во Македонија и едно специјално владино соопштение за македонското ослободително движење. Во оваа сосема ограничена документација проличува становиштето на царската влада по македонските работи, во кое се провлекуваат руските царистички империалистички интереси на ова подрачје, каде царска Русија, поради далекуисточните усложнувања, не можела да презентира политика со уште поодврзани раце.

2. Непосредно по завршувањето на Првата светска империјалистичка војна некои империјалистички држави одново започнале да ја публицираат својата дипломатска документација. Иницијативата да се започне со публицирањето на овие изворни материјали криела во

---

[14]) За нашава тема се однесуваат извештаите од 1902—1906, и 1906—1907 (по следнава збирка ја немавме при рака).

[15]) Официелниот наслов на „Зелената книга", е следен: „Atti Parlamentari— Camera dei Deputati. Documenti Diplomatici presentati al Parlamento Italiano del Ministro Degli Affari Esteri. Macedonia. Roma 1906 (Збирката ја ползувавме преку микрофилм, кој се наоѓа во Државната архива на СРМ, а снимена од Љ. Лапе во Националната библиотека во Лозана).

[16]) Официелниот наслов на збирката е следен: „Министерство Иностранных Дел. Дипломатическая переписка. Реформы в Македони 1902—1903. С. — Петербург бург 1906.

себе една друга тенденција. Имено, се тежнело со оваа документација да се „докаже" на која страна лежела причината и одговорноста за војната. За таа цел во конгломератот на „доказите" била вклучена една огромна документација, која зафаќала еден подолг период од предисторијата на војната. Силите различно пристапиле по прашањето на „дистанцата". Дури, може да се каже, дека не биле почитувани некакви принципи на таканаречената теорија на „дистанцата". Така, Германија започнала да ги издава своите подбрани документи од 1871 сè до 1914 година и тоа почнувајќи од 1922 година. По нив се повеле англичаните и тоа со издавање на документацијата од 1898 година сè до 1914 година, почнувајќи од 1927 година. Веднаш потоа, започнале со издавање на документацијата и французите и тоа од 1871—1914 година, почнувајќи од 1929 година. Ваков потфат бил преземен и во Советскиот сојуз во време на Ленина, со цел да се раскринка руската царистичка заткулисна дипломатија и тоа од 1878 до 1917 година, но тоа делумно било стварено.

Сосема очигледен бил потфатот причините да се бараат во широки от конгломерат на прашања, што ја волнувале Европа по седумдесетите години на XIX век. Така Германија и Франција започнале да ја издаваат документацијата од завршетокот на француско-пруската војна, а Велика Британија од времето кога започнале позасилено борбите за колонии, претходните подготовки за англо-бурската војна и борбата за концесии на Багдатската железница. Меѓутоа, суштинските спротивности лежеле во сè поинтензивниот развиток на капиталистичките држави и нивниот премин во империјализам, во борбата за повторна делба на светот. Во тој склоп на „горливи" или така наречени „нерешливи" прашања било вклучено и македонското прашање, како еден мошне важен проблем во европската политика, еден ред во големата нишка, што ја карактеризирала предисторијата на империјалистичката војна.

Вкупниот и точниот број на томовите со дипломатска документација издавана од силите не е можно да се установи поради тоа што некои сили и натаму издаваат ваква документација (напр. Франција)[17]. Но би, се обиделе да се осврнеме на томовите од оваа документација што се однесува до историјата на Македонија. Оваа документација ги надополнува изворните материјали издавани во периодот 1903—1908 година што чинат суштествен дел на дипломатската документација.

Од германските дипломатски документи[18]) за Македонија се однесуваат 18 и 22 том. Осумнаесетиот том, го третира односот на Гер-

---

[17]) Преглед на дипломатската кореспонденција кај: „V. Neff, Kriegsursachen und Kriegsschuldfrage von 1914. Bern und Leipzig 1932, 28—41; В. Ћоровић, Дипломатска преписка Краљевине Србије. Београд 1933, III; Schwertfeger B. H., Die diplomatischen Akten des Auswärtige Amptes, 1871—1915. Berlin 1927; J. Meyer, Official Publications of European Governments. Paris 1929; W. Gregory, List of Serial Publications of Foreign Governments 1815—1931. New York 1932; А. Дж. Тейлор, op. cit. 571—577, 581—584 Х. Андоновски — Пољански, Ситуацијата, 6—7.

[18]) Наслов на серијата: „Die Grosse Politik der Europäischen Kabinette 1871—1914. Sammlung der diplomatischen Akten des Auswärtigen Amtes. Berlin; 1922—1927. (Постои и скратено француско и англиско издание).

манија према Илинденското востание и приликите во Македонија по востанието, односот на другите сили, текот на реформената акција, ставот на Германија по тоа прашање и донесувањето на мерки за спроведување на мирцштегските реформи во дело. Тука е вклучена официелната кореспонденција на германскиот канцелар, министерството за надворешни работи со германкото пратеништво во Цариград[19]). Во кореспонденцијата јасно е изразена тенденцијата на германската империјалистичка политика да ги сочува своите интереси на Босфорот и на Близкиот исток, да го заштити интегритетот и суверенитетот на Црвениот султан.

Во дваесет и вториот том од оваа едиција се расправа проблематиката на македонските реформи и тоа околу реорганизацијата на жандармеријата, финансиските и судските реформи за Македонија. Опфатена е кореспонденција од 1904 до 1908 година и тоа повеќе помеѓу пратеништвото во Цариград и министерството за надворешни работи во Берлин.[20]) И во оваа кореспонденција се среќаваме со доста инетресен материјал, што многу придонесува за надополнување на низа прашања во третирањето на односот на Европа кон настаните во Македонија по Илинденското востание.

Од британските документи[21]) неколку волумени се однесуваат за Македонија. Во вториот том, каде се расправа за Антантата кратко се говори и за политиката кон Македонија во 1905 и 1906 година и со потенцирање на германската политика.[22]) Англоруските односи и становиштето по Македонија засегнато е во четвртиот волумен. Тоа е кореспондднцијата од 1903—1907 година, и во неа видно место е посветено на македонските реформи и обидот на обете сили по ова прашање да постигнат извесно зближување на гледиштата.[23])

Во петтиот волумен на британските документи објавена е најопстојна документација за Македонија. Тоа е кореспонденцијата на британската влада со своите дипломатски службеници во Цариград, Петроград, Виена, Берлин, Париз, Рим, и со други метрополи во врска со македонските работи. Третирана е проблематиката на Илинденското востание и последиците, реформената акција, британската политика и политиката на останатите сили, спроведување во дело на мирцштегските реформи, финансиските и судските реформи, иницијативата на Британија, англо-руското согласување во Ревал и политиката на бал-

---

[19]) Idem. 18. Band: Zweibund und Dreibund 1900—1904. Berlin 1924. За Македонија: Kapitel CXVIII. Die Kaisermächte und die Mazedonische Frage 1903. Das Mürzsteger Programm (243—405).

[20]) Idem. 22. Band: Die Österreichisch-Russische Entente und der Balkan 1904—1907 Berlin 1925. За Македонија: Kapitel CLXI. Die Mazedonischen Reformen (—95—202, 203—326, 401—522).

[21]) Наслов на серијата: „British Documents on the Origin of the War 1898—1914. Ed. By G. P. Gooch and H. Temperley. Vol. I—XI. London 1927—1938. (Постои и германско издание).

[22]) Idem. — Vol. II. The Testing of the Entente 1904—6. London 1928. За Македонија 223—225, 390—391.

[23]) Idem. — Vol. IV. The Anglo.-Russian Rapprochement 1903—1907. London 1929. За Македонија 222—223, 248—249, 611—612.

канските држави према Македонија и македонските реформи.[24]) Во оваа кореспонденција објавен е доста интересен и оригинален материјал за односот на силите кон приликите во Македонија и кон реформеното дело. Посебно е акцентирана британската политика, која се движела во релациите да ги сочува своите интереси во Турција и рамнотежата на европскиот концерт, со преземање на моменти делумни потфати за решавање на македонската криза.

И од француските дипломатски документи[25]) неколку волумени се однесуваат на Македонија. Во третиот волумен (објавен 1931 година) објавена е дипломатска кореспонденција од 1903 година, во која се расправа особено за настаните во време на Илинденското востание, француската политика, раздвижувањето на дипломатијата околу донесувањето на мирцштегските реформи, Во шестиот, седмиот и осмиот том објавена е интересна кореспонденција од 1905 година, во која е третирано прашањето на резултатите ос спроведување на реформите и можностите за нивна модификација, преземање на мерки за донесување на финансиски реформи за уредување финансиската администрација во Македонија.

Во делумно објавената руска дипломатска кореспонденција опфатена е серијата на документи околу подготовките на Балканските војни, такашто во неа се среќаваме со сосема минимални податоци за нашава тема.[26]) Во меѓувреме беа правени обиди да се објавуваат прилози од мошне богатата руска дипломатска кореспонденција. Така, Р. Славејков објави еден дел од кореспонденцијата за дејноста на руските жандармериски офицери во Македонија и тоа за периодот од 27. VI. 1904 до 27. I. 1905 година.[27]) Оваа кореспонденција авторот ја добил од, полковникот Н. И. Прототопов, руски военен аташе во Софија во 1901—1905 година, кој добивал преписи од извештаите на руските жандармериски офицери во Македонија.[28]) Оваа кореспонденција придонесува доста многу за комплетирање дејноста на руските офицери во реорганизација на македонската жандармерија. Како доплнување на руската царистичка дипломатија служи и документацијата објавена во една збирка на договори, каде е обајвена мирцштегската реформена програма за Македонија.[29]) Во последно време повторно беше направен обид да

---

[24]) Idem. — Vol. V. The Near East. The Macedonian Problem and Annexation of Bosnia, 1903—9. London 1928. (Постои и германско издание, Stuttgart 1931). За Македонија 67—75, 76—99, 100—121, 168—173, 196—231, 232—246.

[25]) Наслов на серијата: „Ministère des Affaires Êtrangères Documents Diplomatiques Français (1871—1914). 2 série (1901—1911). Paris 1929 и. тн.

[26]) Наслов на серијата: „Комиссия по издании документов эпоки империализма. — Международные огношения в эпоху империализма. Документы из архивов царского и Временного правительства 1878—1917. Серия 2—я 1900—1913. Москва (Постои и германско издание — Берлин 1931 натаму). Во време на В. И. Ленин доку. ментацијата беше објавувана и во „Красный Архив" за 1922 и 1925 г.

[27]) Р. Славейков, Из дейностьта на руските жандармерийски офицери в Македония през 1904 г. — Македонски Преглед (София) V/1 (1929). 71—116.

[28]) Ibidem, 73.

[29]) Козьменко), Сборник договоров России с другими государствами 1856—1917, Москва 1952, 329—332,

се публицираат документи од богата руска царистичка дипломатска кореспонденција. Така, К. Л. Струкова објави еден прилог од извештаите на руските конзули во Македонија од 1903 година. Материјалот е ползуван од архивот на надворешната политика и во него има доста интересни податоци.[30]) Овој материјал, како и понапред споменатиот од руската царистичка дипломатска кореспонденција, ползува мошне многу поодредено да се комплетира руската политика кон Македонија во време и по Илинденското востание.

Што се однесува до останатите европски држави може да се рече дека сосема е мал бројот на оние, кои презеле иницијатива за посистематско објавување на својата дипломатска кореспонденција. За одбележување е примерот на Белгија[31]) и на Италија, Последната дури по Втората светска војна систематски започна да ја издава оваа документација.[32]) Освен ова, забележителна била појавата за објавување на тајни договори на силите и за објавување на документацијата, како резултат на истражувачка работа. Така, во Австрија А. Ф. Прибрам ги објави тајните политички договори на Австро-Унгарија за периодот 1879—1914, меѓу кои значителен дел се однесува и за австро-унгарската политика кон Македонија.[33]) Во врска со оваа политика од значење се и неколку збирки на дипломатски извештаи, настанати како резултат на истраживачка работа, во последниве години, во австриската Државна архива (Haus Hof-und Staats-Archiv) во Виена. Овие извештаи директно се однесуваат до Македонија и нив ги објавија македонски истражувачи. Така, Т. Томоски објави една збирка од оваа архива и тоа за периодот 1879—1903 година. Низа извештаи од оваа збирка се однесуваат до Илинденското востание и разјаснуваат некои прашања за тогашната австро-унгарска политика кон Македонија.[34]) Опстоен материјал од оваа архива, а поспецијално за периодот 1903—1904 година, објави Д. Зографски. Збирката содржи интересен и доста актуелен материјал за периодот на Илинденското востание, австро-унгарската политика кон востанието, револуционерното движење по востанието, текот на реформената акција. дејноста на аврсто-унгарскиот цивилен агент и на австро-унгарските офицери во македонската жандармерија. Објавен е исто така оригинален материјал за Внатрешната организација, нејзината дејност по востанието и ставот по реформите.[35]) Овој материјал

---

[30]) К. Л. Струкова, Новые документы о положении в Битольском вилайете в 1903 г. (Из донесений русских консулов). — Славянский Архив (Москва, АН СССР) 1963, 256—284. (Краток осврт на овие документи и во „Нова Македонија" (Скопје) 2. VIII. 1964, 2).

[31]) Извештаите на белгиските дипломати се објавени во збирката: „Zur europäischen Politik 1897—1914. Berlin 1919. (А. Дж. Тейлор, op. cit. 585—586).

[32]) Наслов на едицијата: „I Documenti Diplomatici Italiani." За Македонија од интерес — Terza seria 1896—1907. Roma 1953 и натаму, Издавањето во процес.

[33]) A. F. Pribram, Die politischen Geheimverträge Österreich—Ungarns 1879—1914. Wien und Leipzig 1920. (Англиско и француско издание од 1920—1923).

[34]) Т. Томоски, Документи од Виенската Архива за Македонија од 1879—1903. Скопје, Институт за национална историја 1955 (За Илинденското востание, 147—159)

[35]) Д. Зографски, Извештаи од 1903—1904 година на австриските претставници во Македонија. Скопје, Институт за национална историја 1955 (За Илинденското востание, 62—259).

придонесува за комплетирање на низа досега непознати страници за текот на македонското револуционерно движење по востанието.

3. Во реформирањето на Македонија покрај големите сили учествувале и некои други држави. Така, Шведска упатила двајца свои офицери (еден Швеѓанец и еден Норвежанец) за реорганизацијата на македонската жандармерија. Тие учествувале во реорганизацијата пред и по донесувањето на мирцштегските реформи. Бидејќи нивните извештаи претставуваат несомнен интерес презедовме истражување на сочуваните фондови во архивата на шведското министерство за надворешни работи и во министерството на војната во Штокхолм. Таму наидовме на мошне интересен материјал за целокупната дејност на овие офицери, начинот како била изведувана реорганизацијата, записници и протоколи од седницит на офицерите, решенија на главниот штаб на жандармеријата и молби и поплаки на населението упатувани до офицерите. Покрај ова, наидовме на интересен материјал и за ставот на шведската влада по Илинденското востание и за настаните по востанието врз основа на извештаите од шведските дипломати во Турција, односно во Македонија. Овој материјал има значење и по тоа што во извесна смисла го изразува становиштето на една незаинтересирана страна, на еден објективен набљудател на настаните.[36])

Од интерес се и материјалите на католичките мисионери во Македонија. Засега располагаме со извештаите на лазаристите од 1903 и 1904 година[37]) кои ги преиздаде Сл. Димевски Овие материјали третираат интересни прашања од положбата во Македонија во време и по востанието и од друга страна и за текот на помошната акција во настраданите реони од востанието. Во врска со последново прашање тие пополнуваат и комплетираат низа празнини.

4. Како значителен материјал за темава се однесува и документацијата на Турција и на балканските држави, во поголем број случаи објавена како резултат на истражувачка работа.

И покрај незимерното архивско богатство на цариградските архиви постои можност, поради неприступачноста до нив, да се ползува само сосема ограничен материјал и тоа објавен. Така, единствено е од значење збирката на П. Дорев, во која е објавен материјал од турските државни архиви и тоа и за периодот 1903—1906 година, во кој наидуваме на интересна документација. Тоа е предимно официелна кореспонденција на Портата со нејзините пратеници во странство во врска со настаните во Македонија. Од овие материјали добиваме податоци не само за турската политика во Македонија, туку и за ставот на останатите држави,

---

[36]) Истражување во: „Kungl. Utrikes Departement. Stockholm. — Orientalska Fragan 1903/1904. Исто и во: „Kungl. Krigsarkivet. Stockholm. — Ottomanska Riket 1903—1906. Приказ на оваа документација: Х. Андоновски—Пољански, Шведски документи за историјата на Македонија, — Нова Македонија 13. XI. 1960, 8.

[37]) Извештаите се објавени во: „Annales de la Congregation de la Mission (Lazaristes). Paris IV (1903), LXIX (1904). — Сл. Димевски, Католичките мисионери во Македонија за Илинденското востание. — Гласник VII/1 (1963), 233—246.

особено во врска со донесувањето на мирцштегските реформи и нивното спроведување во дело.[38])

Тешкотии постојат и во ползувањето на дипломатската кореспонденција на балканските држави, со исключок на Србија. Така, во Грција е објавен само пропаганден материјал, кој има за цел да ја пропагира големогрчката политика кон Македонија, а не да придонесува за објективно расветлување на настаните поврзани со Илинденското востание и развојот на настаните во Македонија до младотурската револуција.[39])

Во Бугарија, со извесни исключоци, не е уште објавена дипломатската кореспонденција на министерството за надворешни работи. Единствени помагала се збирките со дипломатски договори. Од нив за истакнување е збирката на Б. Д. Кесјаков, во кој за нашава тема од интерес е материјалот од 1904 година.[40])

Први обиди за објавување на кореспонденцијата од министерството за надворешни работи на Србија направил М. Богичевиќ, но со еден нецелосен подбор. Во неговата збирка објавена е документација од интерес и за Македонија и за периодот по 1903 година.[41]) Поцелосна и побогата со документација е збирката на В. Ќоровиќ, која го опфаќа периодот на 1902 и до јуни 1903 година, Во неа среќаваме интересен материјал за 1903 година.[42])

По Ослободувањето материјалот од оваа дипломатска кореспонденција особено го ползуваа македонските истражувачи. Како резултат на тоа беа објавени неколку збирки и тоа од Љ. Лапе. Ориентацијата беше свртена кон објавување на документи за Илинденското востание,[44]) на документација за настаните и по востанието,[44]) со проширување опсегот и на извештаите до други емисари на српската политика во Македонија во 1903 година.[45]) Овие материјали мошне многу придонесуваат појасно да се одреди и расветли српската политика кон Илинденското востание и непосредно по него.

За појасно расветлување надворешната политика на Србија кон илинденското востание и настаните по него, ползуваме материјали и од други објавени збирки. Така, Д. Зографски објави извесен материјал

---

[38]) Документи из турските държавни архиви. Част II (1863—1909). София, БАН 1942, 221—189. Известен материјал и тоа повеќе за реформите пред Илинденското востание даден е во збирката: G. Noradounghian, Recueil d'Actes Internationaux de l'Empire Ottoman. T. III—IV (1856—1902. Paris, Leipzig, Neuchatel 1903.

[39]) Види: Х. Андоновски — Пољански, Ситуацијата, 49—55 (Библиографија № 3, 24, 27, 34, 53, 63, 80 89, 95, 96, 97, 130, 147).

[40]) Б. Д. Кесяков, Принос към дипломатическата история на България 1878—1925. София 1925, 22—23.

[41]) M. Bogičević, Die auswärtige Politik Serbiens, 1903—1914. Bd. I—III. Berlin 1928—1931.

[42]) В. Ћоровић, Дипломатска преписка Краљевине Србије. Београд 1933, 751-753.

[43]) Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание. — Илинденски зборник 1903—1953, 21—150.

[44]) Љ. Лапе, Неколку нови документи за 1903 година. — Годишен зборник 6 (1953), 267—299.

[45]) Љ. Лапе, Извештаи од 1903 година на српските консули, митрополити и училшни инспектори во Македонија. Скопје, Институт за национална историја 1954, 321—360.

од Државната архива на Босна и Херцеговина, која поседува директиви и телеграми на српската влада од 1903 година, кои ги имала во посед австро-унгарската влада. Тоа е интересен материјал, кој директно се однесува на настаните во Македонија во време на востанието и непосредно по него, во кој е фиксирана српската политика кон Македонија[46].) Извесни материјали и тоа од архивата на Форењ офис, објави Ф. Оти.(Ph. Auty) Тука се вклучени и неколку материјали за положбата во Македонија по востанието, интерпретирани од британските дипломати во Србија.[47])

Очигледна е ограниченоста со материјали од дипломатската кореспонденција на балканските држави, кои играеле видна улога во македонските работи. Но, и покрај тоа од споменатата документација може сосема јасно да се извлечат контурите на експанзионистичката политика на балканските буржоазии према Македонија.

5. За пофункционално поставување на темата за односот на Европа кон Илинденското востание фундаментални се и изворните материјали што потекнуваат од Внатрешната организација, од заоставштината на нејзините раководители и од други извори. Тоа е, иако ограничен, стојносен материјал, кој придонесува подобро да се постави и компонира содржински македонското национално-револуционерно движење во време и по Илинденското востание, потоа односот кон европските сили, кон реформите, кон сета акција што европските сили ја изведувале во Македонија по востанието.

Од изворните материјали на прво место ја поставуваме збирката со документи, што во 1903 година ја објави во Париз Un-Non-Diplomate (псевдоним на засега непознат автор). Во оваа збирка објавен е оригинален, автетичен материјал. На централно место се поставени документите од време на Илинденското востание и непосредно по него. Тука се внесени телеграми, прокламации и меморандуми на Внатрешната организација, разни ноти и телеграми на силите во врска со востанието, со еден додатоко на текстот на мирцштегските реформи.[48]) Важноста на оваа публикација лежи, особено во тоа, што Европа за прв пат била запознаена со еден вонредно актуелен материјал, со револуционерните стремежи на поробените Македонци, со високите начела на нивната праведна борба за слобода. Во документацијата јасно е изразена тенденцијата и настојувањето дека Македонците не сакаат веќе да стојат во сенките на столетијата, туку дека тие ги прокламираат своите револуционерни принципи, својот светол пат кон слободата.

Вакво специфично значење има и „Мемоаротна Внатрешната организација", една оригинална и изворна публикација, издадена во

[46]) Д. Зографски, Неколико документата о приликама и догађајима у Македонији 1903 године.—Архивист (Београд) III/1—2 (1953), 15—17, (Исто во: Нова Македонија 25. VII. 1953, 2).

[47]) Phyllis Auty, Необјавени документи енглеског Министерства о Србији, 1837—1911. — Историјски часопис (Београд) XII—XIII (1961—1962), 440—441.

[48]) Un-Non-Diplomate, La Question des Réformes dans la Turquie d'Europe. Exposé Documentaire. Paris, Leipzig, Neuchatel 1903, 75—110.

1904 година.[49]) Книгата имала за цел да ја покаже на светот вистинската положба на македонскиот народ, неговата револуционерна борба. Тоа во предговорот на книгата вака е формулирано: „. . .да претставиме полна слика на денешната хаотична и безисходна положба во Македонија. . . дека Турција, без европска наоружано мешање, ниту за јота нема да ја измени постоечката положба на работите. . .”[50]) Книгата е богато документирана со бројни податоци, кои претставуваат значаен пресек од историјата на македонското ослободително движење. Значителен дел од книгата е посветен на Илинденското востание и на неговите непосредни последици. Посебно е акцентиран односот на Европа кон востанието и особено со донесувањето на мирцштегската програма. Книгата била објавена истата година и на француски јазик,[51]) со што јавноста и дипломатијата во Европа се запознала со револуционерните стремежи и барања на Македонците. Книгата имала голем одзив во европскиот печат и го обрнала и вниманието на европските дипломати.

За односот и за почетното реагирање на Внатрешната организација кон мирцштегските реформи наидовме на интересен материјал во архивата на Даме Груев. Во оваа заоставштина најдено е едно окружно до револуционерните тела, во кое Даме ги скицирал овие реформи и укажал на конкретните барања и оплакванија на македонското население пред реформаторите.[52]) Сличен текст наидовме и во австроунгарските дипломатски документи.[53])

Нови познавања за положбата во Македонија и во Внатрешната организација во првата половина на 1904 година, добиваме од документацијата, што ја објави Љ. Лапе. Тоа се 12 нови документи и претставуваат кореспонденција на ЦК на ВМРО со нејзиното Задрграничнo претставништво и со окружниот комитет во Битола. Материјалот е доста интересен, засега актуелни прашања. Интересно е и тоа што е засегнат и односот кон спроведувањето на реформите, укажаните се ставовите по ова клучно прашање на разните окрузи, наведени се упатства за дејствување.[54]) Со овој материјал се пополнуваат низа моменти од историјата на македонскиот народ по востанието.

6. Од изворните материјали имаат значење и преписките и мемоарите на државниците, дипломатите на другите личности замешани директно во македонските работи, потоа учесниците во реформаторската акција на силите во Македонија и на раководителите на Внатреш-

---

[49]) Македония и Одринско (1893—1903). Мемоар на Вътрешната Организация. (София). 1904.

[50]) Ibidem, 2.

[51]) Насловот гласи: „La Macédoine et le Vilayet d'Andrianople (1893—1903). Mémoire de la Organisation Intérieure. 1904.

[52]) Из архивата на Даме Груев. (Съобщава Боян Мирчев). — Ил. Илинден (София) 4/7 (37) (1932), 3—4.

[53]) Д. Зографски, Извештаи од 1903—1904 година, 201—203.

[54]) Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина од 1904 година. — Гласник V/2 (1961), 245—277. Материјалот од интерес наидуваме и кај: И. Катарџиев, Документи за дејноста и политиката на револуционерната организација во Велешка околија во 1904—1905 год. — Гласник VII/2 (1964) 203—257.

ната организација. Овој материјал има вторичен карактер, но придонесува во комплетирање на познанијата за еден настан или за подобро искристилизирање на едно становиште, иако на моменти е бележита присутноста на субјективноста. Со критичното ползување и компарирање со други материјали, особено архивските, се доаѓа до непосредната вистина.

Извесни материјали наоѓаме во преписката на германскиот кајзер Вилхелм II до рускиот цар Никола II. Тука е засегнато прашањето на мирцштегските реформи и ургирањето на Портата за нивно прифаќање.[55])

Повеќе материјали наидуваме во мемоарите на дипломатите и на други личности заангажирани во македонските работи. Така британскиот дипломат Е. Д. Греј (Edward D. Grey, Viscount of Falldon) во своите мемоари[56]) и говори[57]) изнесува интересен материјал за односот на британската дипломатија кон реформите во Македонија и воопшто односот на Британија кон настаните во Македонија, особено во периодот 1905—1907 година. Во своите мемоари Г. Бuханан (G. Buchanan) говори за својата дејност во Софија како конзул во 1885—1904 година и при тоа го изнесува своето мислење за односот на бугарската влада кон Илинденското востание.[58]) Р. Гревс (R. Graves), долго време се наоѓал во британска дипломатска служба во Македонија. Затоа во своите мемоари на централно место ги поставил своите лични спомени од Македонија. Тој изнесува интересни податоци за текот на настаните во Македонија во 1903 и 1904 година. Посебно го одбележува односот на населението кон Илинденското востание и положбата по востанието. Говори и за британските новинари во Македонија во време на востанието и за британската пмошна акција по востанието. На крајот на кратко се задржува и на реформите.[59]) Неговите мемоари имаат посебно значење бидејќи тие се пишувани од еден современик којшто бил директно заинтересиран за настаните. А. Тошев во своите спомени говори за своето службовање во Македонија како бугарски трговски агент во 1903 и 1904 година. Тој изнесува интересни податоци во врска со задушувањето на востанието, страданијата на постраданите, за посета на низа македонски места и положбата на населението. Потоа, говори, за својата специјална мисија во Париз во 1904 година и во Црна Гора во 1905 година. И обете мисии се поврзани со прашањето на Македо-

[55]) The Kaiser's Letters to the Tsar. Ed. N. F. Grant. London 1920, 96—99. (Постои и советско издание: „Переписка Вильгельма II с Николаем II, 1894—1914. Москва — Петроград 1925). Исто така од значење и дневникот на — В. Н. Ламсдорф, Дневник. Москва 1926, I—II.

[56]) Grey Viscount of Falldon, Twenty five years, 1892—1916. Vol. I—II. London 1925, II, 173—174, 211—212.

[57]) Edward D. Grey, Speeches on Foreign Affairs, 1904—1914. London 1931, 35—37, 77—90.

[58]) G. Buchanan, My Mission to Russia and other Diplomatic Memoires. Vol. I—II. London 1923. (Vol. I. Bulgaria and the Macedonian Insurrectionary Movement 57—60).

[59]) R. Graves, Storm Centres of the Near East. Personal Memoires, 1879—1929 London 1933 (Macedonia 1903—1904, 195—210).

нија.[60]) М. Бомпард (М. Bompard) во своите мемоари говори за својата дипломатска служба во Русија како француски амбасадор во 1903—1908 година, а од 1909 година бил назначен за амбасадор во Цариград. При ова тој не одминува а да не говори за настаните во Македонија, за руската и француската политика кон македонското прашање. Прецизира извесни подробности во врска со некои модификации во односот на руската дипломатија кон македонските реформи. Посебни се интересни неговите становишта, а исто така и на други француски дипломати, што тој ги наведува, за мирцштегските реформи[61]). За руската политика кон Македонија говори и А. Савински (A. Savinsky) во своите мемоари. Посебно го додирнува прашањето на средбата во Мирцштег и донесувањето на македонските реформи.[62]) За односот на руските социјалдемократи, поточно на болшевиците кон македонското ослободително движење и нивните врски со ова движење, говори во своите спомени Н. Е. Буренин.[63]) Тоа се мошне интересни податоци, што расветлуваат досега непознати страни за овие врски на македонските револуционери.

Спомените на учесниците во реформирањето на Македонија претставуваат посебно значаен и оригинален извор за комплетирање односот на Европа кон македонските работи. Особено за ова објавени се мемоарите на офицерите учесници во реорганизацијата на македонската жандармерија. Така, Хубка, (Hubka) говори за дејноста на австро-унгарските офицери во Македонија.[64]) На истово прашање, во еден развиен вид, се задржува во своите мемоари и А. Рапопорт (A. Rapoport), кој бил во 1904 година помошик на австро-унгарскиот цивилен агент и во 1905—1909 година австро-унгарски генерален конзул во Скопје. Овој подолг претстој во Македонија Раппопорт го исползувал да ја запознае Македонија, положбата и текот на настаните во неа. Тој смета дека, неговиот претстој во Македонија бил какошто самиот вели— „. . .еден од најинтересните периоди во мојата кариера.”[65]) Своето излагање тој го започнува со определување значењето и специфичноста на Илинденското востание. Посебно ја одбележува борбата за македонска автономија. Кон мирцштегската реформена програма се однесува критички, а исто така и кон турската администрација, кон сите мерки што отоманските власти ги презеле за „смирување” на положбата во Македонија. На централно место расправа за реорганизацијата на турската администрација и жандармерија. Тука се изнесени низа подробности

---

[60]) А. Тошев, Бегли спомени. София 1931, 88—108, 178—182 (Исто за ова со дополнување на други подробности: А. Тошев, По случай 50-годишния юбилей. — Юбилеен сборник Андрей Тошев. София 1942, 137—138).

[61]) M. Bompard, Mon Ambassade en Russie (1903 — 1908). Paris 1937, 11—17, 316—317.

[62]) A Savinsky, Recollections of a Russian Diplomat. London, s. a., 53—59.

[63]) Н. Е. Буренин, Памятные годы. Воспоминания. Ленинград 1961, 51—68. 191—193.

[64]) Hubka (K. und K. Hauptmann), Die Österreichischen Offizierre in Makedonien. Wien 1910.

[65]) A. Rappoport, Au Pays des Martyrs. Notes et Souvenirs d'un Ancien Consul Génèral d'Autriche-Hongrie en Macédoine (1904—1909). Paris 1927, 5 (Делови објавени и преведени во некои бугарски весници).

кои придонесуваат за подобро комплетирање на реформената акција на силите во Македонија. Посебно интересни во мемоарот се впечатоците на Раппопорт од посетата на низа македонски места. Неговите описи на положбата се свежо и интересно напишани. Во последното поглавје Раппопорт ја третира суштината на реформирањето во Македонија и во прилог ја објавува мирцштегската програма.[66])

Од сличен карактер се и мемоарите на полковникот Ламуш, (Lamouche Colonel) кој служел во францускиот сектор на македонската жандармерија, а исто така и во штабот на жандармеријата. Неговите спомени изнесуваат низа подробности во врска со изведувањето на реформите во Македонија. Тој посебно се задржува на значењето на востанието и на барањата на Внатрешната организација.[67]) Како на Раппопорт, така и неговите спомени, изнесуваат мошне оригинални податоци за текот на европската акција во Македонија.

Во спомените на раководителите на Внатрешната организација како и на некои нејзини приврзеници се среќаваме исто така со интересен и оригинален материјал. Тоа пред сè се мемоарите на: Ѓорче Петров,[68]) Даме Груев,[69]) Славејко Арсов[70]) П. Шатев[71]) и други. Во нив се среќаваме со податоци за положбата во Македонија во време и по востанието и за односот на Европа кон македонските работи, поспецијално за реформената акција на силите во Македонија.

7. За подоброто согледување позадината во политиката на империјалистичките држави, а исто така и на балканските држави кон Турција, односно Македонија, особено важна улога играат и економските аспекти. В суштина економскиот фактор бил пресуден, заради тоа што секоја сила имала свои интереси и тежненија што повеќе да загосподари со центрите на турските суровини, со турските пазари низ целата Отоманска империја. Со економската настанала и политичката зависност.

Економските показатели на овие односи ги наоѓаме во статистичките прегледи, издавани особено од големите империјалистички држави. Тоа се документирани прегледи на надворешната трговија (внос и извоз), пловидбата, таксите и др. Секоја сила издавала статистички прегледи на трговијата, воопшто или посебно на надворешната трговија, општо со сите земји или одделно за подрачја или за одредени земји. Од оваа документација можеме да ги согледаме релациите на економската политика и воопшто на надворешната трговија на одделна сила и во Македонија, во обезбедувањето на македонските ресурси со суровини и на осигурување влијанието на македонските пазари. За ова добиваме по-

[66]) Ibidem, 18—137.

[67]) Lamouche Colonel, Quinze ans d'histoire Balkanique. Paris 1928 (Постои и бугарски превод: Ламуш Полковник, Петнадесет години Балканска история (1904—1918 София 1930, 10—44).

[68]) Спомени на Гьорчо Петров. София 1925 (Исто издание и во Скопје, 1950).

[69]) Спомени на Дамян Груев и др. София 1927.

[70]) Възстанишкото движение в югозападна Македония (до 1904). По спомени на Сл. Арсов. София 1925. (Исто издание и во Скопје, 1952).

[71]) П. Шатев, В Македония под робство. София 1934, 184—230, 322—326.

датоци во статистичките прегледи на Велика Британија, Франција, Австро-Унгарија, Германија, Италија и Русија.[72]) Меѓу сите овие документирани прегледи. од значење за Македонија се британските статистички прегледи бидејќи во нив најдетализирано и најпрегледно е нотирана позицијата не само на Велика Британија, туку и на останатите држави. Така, во статистичкиот преглед од 1905 година изложен е опстоен пресек за периодот 1893—1903 година, со бројни елементарни статистички податоци за одделни земји, а особено прегледи на нивната трговија и надворешна трговија со Турција.[73]) Податоците за трговијата на Британија се објавени во посебни прегледи. За нас од интерес се прегледите за периодот 1893/1903 година, во кои е и конкретизиран британскиот внос и извоз и за Европска Турција, односно Македонија.[74]) Овој материјал придонесува мошне многу појасно да се прецизираат економските аспекти во односот на Европа кон настаните во Македонија при крајот на XIX и почетокот на XX век. Покрај ова, што е во непрекината врска со периодот на Илинденското востание и по него, ползуваме и материјал кој директно се однесува на 1903 година, со што прашањето добива своја комплетираност. Тоа се извештаите на конзулите, а исто така и на стопанствениците, кои биле задолжени да известуваат за стопанската ситуација во Македонија. Од овие извештаи, особено се интересни изложенијата на британските и австро-унгарските конзули и стопанственици. Во еден британски извештај за трговијата на солунскиот вилает за 1903 година, во кој е опфатена една поширока област и на други делови на Македонија, изнесен е детализиран преглед на вносот и извозот, пловидбата, трговијата на одделни држави, со интересни забележувања на реперкусиите на востанието врз стопанската ситуација.[75]) Известување за последново сретнуваме и во австро-унгарски извори, но, повеќе со набележување на положбата непосредно пред самото востание. Имено, Австро-Унгарија, како и другите империјалистички сили, со свои економски и политички интереси во Македонија, живо биле заинтересирани за реперкусиите на револуционерното движење врз стопанската ситуација, врз нивната вносна и извозна трговија. За таа цел австро-унгарската влада и го испратила својот познат експерт Ј. Грунцел (J. Grünzel) за да ја испита положбата. Тој од теренот испратил неколку извештаи, во кои ги конкретизирал влијанијата

[72]) Статистички прегледи поединачно по земји: Франција —Annuaire Statistique de la France. Paris XIX-XXIII; Австро-Унгарија — Statistik des auswärtigen Handels des Osterreichisch-ungarischen zollgebiets. Wien I (1904); Германија — Statistik des Deutchen Reichs. Berlin VII/153 (1903); Италија — Movimento commerciale del Regno d'Italia. Roma III (1905); Русија — Обзор Внешней трговли Росии по европейской и асиатской границам. СПБ 1903. (Прегледите на Велика Британија ги бележиме посебно — види: № 73—75).

[73]) Statistical Abstract for the principal and other Foreign Countries in each year from 1893 to 1902—03. — Accounts and Papers. London 1905, XCVI, 451—645.

[74]) Annual Statement of the Trade of the United Kingdom with Foreign Countries and British Possessions for the year 1893 — Accounts and Papers. London 1894, LXXXIV 12—13; Исто за 1904 година — Accounts and Papers. London 1905, LXXX, 14—19

[75]) Report for the year 1903 on the Trade of Salonica. — Turkey. Diplomatic and Consular Reports. — Accounts and Papers. London 1904, CI/1, 593—605.

на политичките настани врз стопанската ситуација, врз австро-унгарската вносна и извозна трговија. Во овие извештаи изложени се автентични податоци и за стопанската ситуација во Македонија.[76]) Заклучоците во извештаите имале влијание во одредување држањето на Австро-Унгарија према македонското ослободително движење, а посебно према Илинденското востание.

8. Како дополнувања на архивските материјали, а за комплетирање на темата за односот на Европа кон Илинденското востание и кон настаните во Македонија по востанието, од значење е и современиот печат. Печатот како помошно средство помага мошне многу во подоброто определување становиштето кон одредено актуелно прашање, вариациите, модификациите и резервите што на моменти произлегуваат во обидите да се дефинира односот и најпосле во него наидуваме на интересни детали, кои не ги среќаваме во документацијата. Печатот како регулатор на јавното мислење мошне влијаел во искристилизирањето на односот кон одредено политичко прашање, во помала или во поголема степен да се актуелизира настанот.

Текот на настаните во Македонија во време и по востанието во прилично голема степен го окупирале европскиот печат. За илинденските настани секидневно пищувале весниците скоро во сите европски земји. Постојаното заангажирање на јавноста преку печатот да инсистира за решавање на македонското прашање во полза на слободољубивите барања на Македонците придонесувало дипломатијата да се зафаќа со решавање на ова прашање. Во печатот бележиме и некои интересни детали од развитокот на македонското ослободително движење и подробности за текот на реформената акција во Македонија.

Во работата со печатот се среќава тешкотијата со огромниот конгломерат на весници. Но, најнужна е ориентацијата на најзначајните весници и тоа на оние што најасно го формулираат становиштето на одредени кругови, партии и сл. Освен тоа, од важност е ориентацијата само на печатот во оние земји, кои играеле улога во решавањето на македонското прашање или пак донесувале интересен и актуелен материјал.

За темава од интерес е да се консултира следниов печат по земји: британски, француски, австриски, италијански, белгиски, руски, бугарски и други, а од југословенскиот: словенечки, хрватски, српски и војводински. Покрај тоа треба да се консултира и македонскиот печат, што излегувал во странство.

Исто така треба да се ползуваат и некои публикации, во кои се објавени статии од европскиот печат за прашањето, што не интересира. Уште во текот на 1903 година „Балканскиот комитет" објави една брошура за македонската криза, во која, покрај другото се објавени и делови од британскиот печат за ова прашање.[77]) Во една студија на К.

[76]) Извештаи се објавени кај: Х. Г. Андоновски — Пољански, Неколку австриски документи за стопанската ситуација во Македонија непосредно пред Илинденското востание. — Годишен зборник 10—11 (1957—1958), 84—96.

[77]) The Macedonian Crisis. London, The Balkan Committee 1903, 16—20, 25—30.

Стефанов за односот на англосаксонциите кон македонското прашање објавени се и делови од британскиот печат.[78]) За пишување на печатот во Норвешка се запознаваме од библиографијата на А. Галис (A. Gallis).[79]) Тоа е мошне интересен материјал, кој свидетелствува за актуелноста на македонските настани од 1903 година и во овој дел на Скандинавија.

Еден обид за публицирање на подбор од странскиот печат за илинденското востание беше направен по повод педесетгодишнината на ова востание во 1953 година. Тоа е една пригодна публикација, во која е објавен најцелисходен избор на странскиот печат, а особено на југословенскиот печат.[90]) Публикацијата служи и како ориентација во запознавањето со одгласот на востанието во странскиот печат, со интересни детали за историјата на илинденските и поилинденските настани.

## II.

Акциите на европското промакедонско општествено мислење заземаат важно место во комплетирање на прашањето за односот на Европа кон Илинденското востание. Овие акции на општественото мислење биле разновидни. Била преземена агитациона и собирачка акција. Во начело акцијата ја воделе општествени кругови и поединци надвор од владините администрации, со што и изнајдувањето на изворни и оригинални материјали претставува тешкотија за себе. Потребно е внимателно истражување како во архивите, така и во останатите помагала (печатот, литературата и др.).

Во истражувањето ориентацијата треба да сврти првенствен кон изнаоѓање на оригинални материјали. Акцентот треба да се даде во изнајдување на петициите, и резолуциите што биле испраќани до дворовите и владите и во регистрираните митинзи од страна на полицијата. Особено броен материјал се наоѓа во официелната архива на Велика Британија во Лондон. Например наоѓаме на една петиција на лондончани од 1903 година, испратена до кралицата Александра по повод на, колежите во Македонија.[81]) Меѓутоа, подруг е случајот со резолуциите што биле ширум на собирите во скоро цела Велика Британија, донесувани и испраќани до владата. Тоа е еден огромен број на јавни хартии во кои народот ширум Англија, Шкотска, Велс, а исто така и во Ирска, ги изразувал своите симпатии и срдечна солидарност со борбата на Македонците за слобода. Резолуциите го опфаќаат периодот на 1903, 1904 и 1905 година. Интересно е да спомене дека доосега не беше познато оти бранот на промакедонските манифестации се проширил и на 1904 и 1905 година. Со овој материјал добиваме и јасна претстава за истапувањето на бројни општествени и политички групации. За одбе-

[78]) C. Stephanove, The Bulgarians and Anglo-Saxondom. Berne 1919, 185—187.

[79]) A. Gallis—Sl. Komadinić, Jugoslavia—Norge. Jugoslavija—Norveška. En. bibliografi. — Bibliografija. Oslo 1953, 50, 52, 55, и тн.

[80]) Х. Г. Андоновски, Б. Ковач, Б. Мокров, П. Михаилов и Ј. Поповски, Странскиот печат за Илинденското востание. Скопје 1953, 59—176.

[81]) Public Record Office (London) — Miscellanea. Foreign Office 96/216.

лежување е уште фактот, не толку познат досега, дека во голема мерка во овие хумани промакедонски манифестации се заангажирала и британската работничка класа.[82])

Оригинален материјал наидуваме и во необјавените архивски документи на француското Министерство за надворешни работи. Тоа не е толку опстоен материјал како што е британскиот, но мошне добро придонесува за порељефно согледување дејноста на промакедонското француско општествено мислење во полза на ослободителната кауза на Македонците во 1903 и 1904 година.[82]а)

За истапувањата на југословенските народи во полза на Македонците, особено за истапувањата на словенечкиот народ, наидуваме интересен материјал во Државната архива на СР Словенија и во Месниот архив во Љубљана. Покрај ова, за промакедонските манифестации во Словенија, од значење е и заоставштината на раководителот на оваа благородна акција — Терезина Др Јенкова.

Податоци за акциите на општественото мислење наоѓаме и во дипломатската кореспонденција, за што понапред станувашe збор. Тоа е повеќе преписка во врска со собирањето на помошни средства за настраданите Македонци, начинот на организирањето на помошната акција во Македонија, спроведување на помогањето и распределба на настраданите. Покрај ова, за истово прашање наоѓаме материјал и во мемоарите на учесниците во помошните мисии во Македонија.

Извесни подробности наоѓаме и во некои збирки со изворни материјали. Така, во Мемоарот на Внатрешната организација се говори за големата акција на европското општествено мислење во полза на Македонија, за организираните митинзи и за собирање на помош.[83]) К. Стефанов во својата книга приложува интересен материјал за англиските промакедонски манифестации, со избор на некои резолуции од митинзи, апели и сл.[84]) Слични материјали содржи публикацијата на Г. Н. Чакалов и С. Ј. Шумков, издадена во Филаделфија 1904 година. Во неа посебно поглавје е посветено на француските и англосаксонските манифестации на симпатии за Македонците. Тоа е доста интересен и оригинален материјал, добро документиран.[85]) Од изворен карактер е и прилогот на Сл. Димевски, во кој е објавен апелот на американските жени до европските кралици од ноември 1903 година за помош на страдалниот македонски народ.[86])

Поголемиот дел од материјалот за дејноста на општественото мислење во полза на Македонија можно е да се експлоатира од совре-

---

[82]) PRO-FO 96/183. Macedonia—Atrocities 1903—1905.

[82]а) Државна Архива на СРМ. Скопје—Микрофилми — Les Archives des Affaires Ètrangères. Turquie—Politique intérieure — 1903—1904. (Истражувања на Љубомир Герасимов).

[83]) Македония и Одринско (1893—1903), 258—260.

[84]) C. Stephanove, The Bulgarians and Anglo-Saxondom, 183—200.

[85]) G. N. Chakaloff and S. J. Shoomkoff, The Macedonian Problem and its proper solution. Philadelphia 1904 (Ch. XIII. French and Anglo-Saxon Manifestation of Sympathy, 104—110).

[86]) Сл. Димевски, Одек (треба Одјек, печатна грешка) на Илинденското востание во светот. (Два нови документи). — Нова Македонија 2. VIII. 1958, 2.

мениот печат. Секидневниот и периодичниот печат ги регистрирал сите акции на јавноста до детали, ги објавувал резолуциите од поважните митинзи, отварал потписки за собирање на помошти, известувал за организирањето на помошните мисии и за нивната работа во Македонија. Такви подробности објавувал скоро сиот европски печат.[87])

За подобро согледување на начинот како помошната акција се одвивала во пострадаоните од востанието реони, можно е да се собере податоци и преку личното анкетирање, а и во истражување на некои материјали во некои наши музеи. Анкетиравме некои преживеани илинденци во Крушево, Охрид и Битола. Тие изложуваат живи спомени за непосредните последици од востанието и како се одвивала помошната акција. Со нивна помош успеавме да ги лоцираме болниците, прихватилиштата и депоата, што биле отворени од помошните мисии. Покрај ова за одбележување е и податокот дека во Историскиот музеј во Крушево наидовме на една песна „Писокот на Крушовчани" и од Н. Лози, напишана на 20 август 1903 година, во која е испеана сета трагедија на Крушовчани од моментот на задушувањето на востанието и како Европа им се притекнала на помош.

На крајот би сакале да спомнеме дека јавноста и во парламентите го подигала својот глас во полза на Македонија. Материјали за ова наоѓаме во објавените оригинални записници од заседанијата на парламентите,[88]) во дипломатската документација, во современиот печат и во одделни спомнувања во мемоарната литература. Актуелизирањето на парламентарните дебати со македонската проблематика придонело мошне многу дипломатијата пораздвижено да дејствува во полза на Македонија.

III.

За прашањето по односот на Европа кон Илинденското востание и кон развитокот на настаните во Македонија по востанието постои бројна литература. Меѓутоа, може да се констатира дека не постои еден комплексен преглед на проблемот, со опфаќање на сите специфични аспекти. Акцентот повеќе бил даван на односот на европската дипломатија и на реформите. Што се донесува до останатите аспекти, особено по прашањето за односот на општественото мислење, печатот и помошните акции, тие се помалку разработени. За да добиеме увид колку од споменатите прашања се разработени, во натамошното излагање правиме општ критички осврт на постоечката литература, со тематски и хронолошки преглед. Литературата од патеписен карактер ја анализираме посебно и тоа во врска со одразот на востанието во литературата.

1. За да ја проследиме развојната линија во односот на европската дипломатија кон македонските работи сè до Илинденското воста-

[87]) За ова види во збирката: „Странскиот печат за Илинденското востание", 59—176.

[88]) Напр. The Parliamentary Debates. (Fourth Series). — 1903—1908. London. Исто така и материјалите во други парламентарни изданија.

ние и по него, се осврнуваме и на литературата, која во извесна смисла ја разработува и предисторијата на прашањето. Но, и тоа во ограничен рамковен опсег, почнувајќи од крајот на XIX век. Така, П. Миљуков, уште во 1899 година се осврнал на односот на европската дипломатија кон македонското прашање.[89]) Но, позачестено за ова прашање започнало да се пишува во време и по востанието. Така, А. Ругиер (A. Rougier) го разработи прашањето за интервенцијата на Европа во решавањето на македонското прашање.[90]) На ова прашање се задржал и Ѓ. Јелениќ, обрнувајќи внимание на дипломатските аспекти во односот на Европа кон Македонија.[19]) Но, најстудиозен преглед на прашањето дал Рене Пинон (Rene Pinon) во својата студија за Европа и Отоманската империја.[92]) Во оваа книга тој ги разработува, на еден своевиден документиран и аргументиран начин, актуелните аспекти на источното прашање. На централно место во овој комплексен проблем Пинон го поставува и го разгледува мекедонското прашање. Тој смета дека оваа актуелна фаза во источното прашање се вика во историјата „Македонски период". (Periode macèdonienne).[93]) На ова прашање Пинон во својата книга му посветува четири поглавја и тоа под општ наслов: „Македонско прашање" („La Questiont de Macèdoine), со едно излагање на близу 200 страници.[94]) Во разработката на македонското прашање Пинон се послужил речиси со целокупната дотогаш позната изворна и друга литература, а исто така и со лични набљудувања од свето патување низ Македонија во1906 година. Неговите излагања на ова прашање се доста значајни, пред сè заради својата оригиналност, објективност и актуелност. При ова потребно е да нагласиме дека проблемот се разгледува само од неговата дипломатска страна, а исто така и со продлабочено третирање и на прашањето на македонското ослободително движење пред, во време и по востанието.

Проблемот за односот на Европа кон македонското прашање го разработиле уште неколку автори. Така, А. Јанков на кратко го разработил прашањето за односот на европската дипломатија кон македонското прашање.[95]) Но, постудиозен потфат објавил А. Краиниковски и тоа по истата тема за македонското прашање и европската дипломатија.[96]) Историјата на односот на европската дипломатија кон македонското прашање авторот ја зафаќа од периодот по Берлинскиот конгрес па заклучно до Балканските војни и последиците од нив. На нашата

---

[89]) П. Милюков, Европейская дипломатия и Македонский въпрос. — Вестник Европы III (1899).

[90]) A. Rougier, L'Intervention de l'Europe dans la Question de Macédoine. Paris 1906

[91]) Ђ. Јеленић, Европа и Македонско питање. Београд 1908

[92]) Rene Pinon, L'Europe et L'Empire Ottoman. Les Aspects actuels de la Question d'Orient. Paris 1909.

[93]) Ibidem, IX.

[94]) Idem. Chapitres III, IV, V, VI (La Question de Macédoine, 99—308).

[95]) А. Янков, Европейската дипломация и Македонския въпрос. София 1933,. 7—12.

[96]) A. Krainikowsky, La Question de Macédoine et la Diplomatie Européenne Paris 1938, 335.

тема авторот го посветува вториот дел од книгата, во кој на близу 100 страници говори за реформите во Македонија.[97]) Излагањето е доста документирано и тоа со ползување и на дипломатска кореспонденција. Третманот на разновидните прашања во врска со донесувањето и воведувањето на реформите е оригинален и со гоелма доза на објективност.

Еден обид со опфаќање на покомплексни прашања за односот на Европа кон Илинденското востание и по него, објави во 1955 година потпишаниот на оваа работа. Тоа е општ преглед на ситуацијата во Македонија настаната као резултат на востанието и последиците во врска со донесувањето на мирцштегските реформи. Излагањето не се задржува само на односот на дипломатијата, туку во општи црти разработено е прашањето на странскиот печат, активноста на општественото мислење и помошната акција во полза на настаданите Македонци од востанието.[98]) Во работата направен е зафат кон покомплексно согледување на позабележителните аспекти на темата.

Тенденцијата за документирана разработка на оваа тема наѕираме и во работата на И. С. Галкин, но со офпаќање на периодот 1905—1912 година. Во оваа книга особено интересно и со нови материјали е разработен периодот 1905—1908 година и тоа ангажманот на силите, посебно на Русија и на Велика Британија за донесување на нови реформи за Македонија.[99]) Истово ова прашање, истиов автор, го разработува во една друга работа, со конкретизирање на периодот 1907—1908 година.[100]) На ова прашање, но со поголемо акцентирање на односот на европската дипломатија во предилинденскоит период, се задржува во својата работа и Е. Палоташ.[101]) Тоа е успешно компонирана работа, со разработување на еден интересен дел од дипломатската историја на македонското прашање.

2. Во врска со односот на европската дипломатија кон македонските работи регистрираме и трудови посветени на реформите во Македонија, кои по својот специфичен карактер заслужуваат да бидат посебно анализирани. Специјализирани трудови по ова прашање започнале да се објавуваат по Илинденското востание. Перспективата тука играела улога од причина што се тежнеело да се увидат резултатите од воведувањето на реформите.[102]) Разгледувањето на текот на реформената акција стриктно се поврзувало со одразот нејзин врз положбата на населението.

---

[97]) Ibidem. Deuxieme Partie. Les Réformes en Macédoine, 109—224.

[98]) Х. Г. Андоновски — Пољански, Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и Мирцштегските реформи, 5—57.

[99]) И. С. Галкин, Дипломатия европейских держав в связи с освободительным движением народов Европейской Турции в 1905—1912 гг. Москва 1960, 187—242.

[100]) И. С. Галкин, Вопрос о реформах в Македонии и дипломатия империалистических держав в 1907—1908 гг. — Ученые записки Института слвяноведения АН СССР XV (1957), 5—43.

[101]) Э. Палоташ, Из дипломатической истории Македонского вопроса на исходе XIX века. — Annales Universitas Scientiarum Budapestinensis De Rolando Eötvös Nominatae. — Sectio Historica V (Budapest 1963), 117—116.

[102]) Од таков карактер е брошурата: Deux ans de Réformes en Macédoine (1903—1905). Par Un-ex-Diplomate. Genève 1905.

Така, А. Шопов во својата прегледна и документирана студија за реформите, издадена во Париз во 1903 година, ги анализира нив во врска со заштитата на населението. Покрај анализата на реформите, донесени како резултат на Илинденското востание, авторот со осврнува и на реформите донесени од пред востанието.[103]) На истото ова прашање, но со продлабочено конкретизирање на прашањето за турското правосудство и реформите во Македонија, овој автор (сега со псевдоним — O. Fosief), се задржува и во една друга студија, издадена исто така во Париз во 1907 година. И во оваа студија авторот прави долга ескурзија на реформеното прашање, со акцентирање на новите реформи донесени по востанието, а особено во 1905 година. При ова тој особено наблега во решавањето на правните, односно, судските прашања.[104]) Сличен третман забележуваме и кај Ј. Ф. Војнов, во неговата студија за македонското прашање и реформите, издадена во Париз 1905 година. На анализата на мирцшетгските реформи им претпходи опстоен преглед на приликите во Македонија во XIX и почетокот на XX век и текот на реформената акција пред востанието. Анализата на мирцштегските реформи е поврзана со општата ситуација, а потем со образлагање на секоја точка од овие реформи.[105]) Посодржаен преглед на ова прашање прави Драганов во својата студија за Македонија и реформите, издадена во Париз во 1906 година. Неговото изложение е стриктно поврзано со резултатите од востанието, влијанието на меѓународната констелација и донесувањето на мирцштегските реформи.[106]) Излагањето е доста документирано и се прави обид да се даде воедно историја и критика на реформите. Неговите заклучоци за резултатите од реформите се доста скептични. Тој смета дека реформите биле „најголемото лицемерство на нашето време.”[107]) На ист начин пристапил кон овој проблем во својата докторска дисертација и Г. Ексинтарис (G. Exintaris), со таа разлика што реформите во Македонија во периодот 1903—1908 година ги анализира и конкретизира низ призмата на дипломатската историја и меѓународното право.[108])

Со документираност и продлабочена анализа се одликува и работата на Ј. Рухти (J. Ruchti) за реформната акција на Австро-Унгарија и Русија во Македонија во периодот 1903—1908. Оваа работа на авторот претставува инаугурална дисертација, одбранета на Филозофскиот факултет во Берн во 1916 година, а објавена во Гота 1918 година. Конкретно во работата се анализира спроведуање во дело на реформите. Ползуван е изворен материјал и помошна литература Работата е раз-.

---

[103]) A. Schopoff, Les Réformes et la protection des Chrétiens en Turquie, 1673—1904 Paris 1904.

[104]) O. Focief, La Justice Turque et les Réformes en Macédoine. Paris 1907, 103—108.

[105]) J. F. Voinov, La Question Macédonienne et les Réformes en Turquie. Paris 1905, 152—165.

[106]) Draganof, La Macédoine et les Réformes. Paris 1906, 3—142 (Исто англиско издание, Лондон 1908).

[107]) Ibidem, 139.

[108]) G. Exintaris, Les Réformes en Macédoine de 1903 à 1908. Etude d'histoir diplomatique et de droit internationale. Paris 1913, 211.

делена на четири поглавја и во нив се разработува дејноста на цивилните агенти и на жандармеријата. По ова се преминува на даночните и финансиските реформи, правосудството и полицијата. Посебен акцент е даден на реформите од 1906 и 1907 година.[109]) Студијата има вредност поради својата успешна компонираност и прегледност на материјата. Во излагањето авторот има применето голема доза на објективност, што секако е за одбележување.

Поврзано со претходните трудови се и работите што стриктно се однесуваат на мирцштегската реформена програма. Така, Г. Баждаров во својата статија „Мирцштег" со сериозна студиозност, на еден пристапачен начин, се обидува да ги образложи суштинските начела на мирцштегските реформи.[110]) На ова прашање се задржува и Леон Ламуш, со поголемо конкретизирање на настаните околу востанието и дипломатската акција околу донесувањето на мирцштегските реформи.[111]) На решенијата донесени во Мирцштег, се задржува доста воопштено Ј. Поволни.[112]) Додека, потпишаниот во една статија за средбата во Мирцштег прави обид, со ползување на документација, да изложи еден поцелосен осврт на оваа реформена програма.[113]) Значењето на овие реформи се гледа и од тоа што за нив е обрнато внимание и во општата прирачна литература, со што е дадена можност и на обичниот читател да се запознае со ова на времето актуелно прашање.[114])

Во последниве години одново е пројавен интерес за македонските реформи и тоа особено за реформите од 1906 и 1908 година, Тоа особено било карактеристично во пријавувањето и одбранувањето на докторски дисертации за нив, со опфаќање и на општата ситуација. Така, М. Хејман (M. Heymann) одбранил теза во Кембриџ, за британската политика и јавно мислење по турското прашање во 1908—1914 година, во кое било зафатено и прашањето за реформирањето на Македонија, според британско-руските проекти во 1907/1908 година.[115]) На британско-руското согласување од 1907 година, се однесува тезата на А. Ф. Осталцева одбранета на московскиот Државен Универзитет на 22 март 1963 година. Тезата е разработена врз база на необјавена и објавена доку-

---

[109]) J. Ruchti, Die Reformaktion Österreich-Ungarns und Russlands in Mazedonien 1903—1908. Die Durchführung der Reformen. Gotha 1918, 104.

[110]) Г. Баждаров, Мюрцщег. — Сборник Илинден 1903—1927 (София), 18—29.

[111]) Леон Ламуш, Илинденското въстание и Мюрцщегската спогодба. — Македония (София) (1928), 576—586.

[112]) J. Povolni, Mürsteg et la Macédoine. — България (Софија), септември 1932.

[113]) Х. Г. Андоновски, Средбата во Мирцштег. — Разгледи (Скопје) 12 (1957), 4.

[114]) За мирцштегските реформи пишувано е и во стандардните енциклопедии и речници, меѓу кои и во: Murzsteg — Larousse du XXe siecle (Paris) IV, 1045; Mürsteg. — Meyers Lexikon. (Leipzig, 1928). Achter Band 890; Мюрсщегская программа. — —Болшая Советская Энциклопедия (Москва) 1954), 28, 646; Мюрцщегское соглашение 1903. — Дипломатический словар (Москва 1961), II, 364—365; Macedonia. — Enciklopedia Universal Ilustrada Europeo-Americana. Barcelona. Tomo XXXI, 1176; и други.

[115]) M. Heymann, British Policy and Public Opinion on the Turkish Question 1908—14. (Cambridge). — Bulletin of the Institute of the Historical Researches (London).— Theses Supplement 19 (May 1958), 2.

ментација, повеќе ползувана од руските царистички архиви.[116]) Треба да се нагласи дека за ова согласување малку е пишувано, такашто со објавувањето на оваа теза ќе се пополни оваа празнина.

3. Илинденското востание и односот на европската дипломатија кон него и кон настаните во Македонија по востанието е третирано и во општите истории и во дипломатските истории на Европа. Прашањето е разгледувано во склопот на општите настани во епохата на империализмот, во периодот на сè поголемите заострени спротивности помеѓу империјалистичките држави. Затоа и толкувањето на овој период не е можно без ползувањето на класичниот труд на В. И. Ленин за „Империализмот како највисок стадиум на капатализмот",[117]) во кој е дадено образложение и за суштината на империјалистичката дипломатија.

Во општите истории и во специјалните прегледи од историјата на Европа ова прашање сосема различно е разработувано. Обично е третирано во склопот на општата меѓународна констелација, како еден низ поврзан со текот на општите светски настани. Така, Е. В. Тарле, во својот опстоен преглед за историјата на Европа во епохата на империјализмот (1871—1919), ова прашање го разгледува во склопот на дипломатските борби помеѓу империјалистичките држави.[118]) Додека, А. Ј. Грант и Х. Темперли (A. J. Grant and H. Temperley) во историјата на Европа во XIX и XX век, ова прашање повеќе го конкретизираат со политиката на Силите кон Балканот, во кое е разгледан и односот на дипломатијата кон Македонија.[119]) Во склопот на општите настани прашањето го разгледува и А. Џ. П. Тејлор (A. J. P. Taylor) во својот опстоен преглед во студијата: „Борбата за господство во Европа 1848—1918", но, со поголемо акцентирање на односите во империјалистичките сојузи.[120]) Сличен третман наидуваме и во други општи истории и специјални прегледи од историјата на Европа.[121])

Во дипломатските истории на Европа на ова прашање дадено му е истакнато место. Така, во познатиот труд на А. Дебидур (A. Debi-

---

[116]) Защита докторских дисертаций — Новая и Новейшая история (Москва) 3 (1964), 187.

[117]) В. И. Ленин, Империализм как высшая стадия капитализма. — Сочинения т. 22. Москва 1948, 173—299 (Македонско издание, Скопје „Култура" 1962).

[118]) Е. В. Тарле, Европа в Эпоху империализма. 1871—1919. — Сочинения V (Москва), 1958, 28—149.

[119]) A. J. Grant and H. Temperley, Europe in the Nineteenth and Twentieth Centuries (1789—1950). London 1959[6] (The Powers and the Balkans, 359—361).

[120]) A. J. P. Taylor, The Struggle for Mastery in Europe 1848—1918. Oxford Oxford History of Modern Europe 1957 (Руско издание, Москва 1958, 361—456).

[121]) Би навеле некои од нив: E. Bourgeois, Manuel Historique de la politique etrangère. Vol. IV. La politique mondiale. — Empires et Nations (1878—1919). Paris 1924; L'Epoque contemporaine. — P. Renouvin, E. Preclin, G. Hardy, La Paix Armée et la Grande Guerre (1871—1919). Paris 1947; Histoire des Relations Internationales. Publiée sous la Direction de P. Renouvin. Vol. VI/II. De 1871 a 1914. L'Apogée de l'Europe. Paris 1955; J. B. Тарле (Редакција), Историја Новога века. Београд 1949, II, 251—436; Новая история. Т. III. 1870—1918. Под редакцией И. С. Галкина и др. Москва 1960, 321—658; Всемирная история Т. VII. Под редакцией А. А. Губера и др. Москва 1960, 355; F. Sternberg, Socijalizam i kapitalizam pred sudom svetske javnosti. Beograd 1954, 83—91; и други.

dour) „Дипломатската историја на Европа", во вториот том, обрнато е внимание на македонските работи и на односот на европската дипломатија кон нив. Донесувањето на мирцштегските реформи, како и другите реформи од периодот 1903—1908 година, е посебно акцентирано.[122]) Сличен третман наидуваме и во дипломатската историја на Р. Пинон.[123]) и Х. Хаусер.[124]) Истото го наоѓаме и во „Дипломатската историја на модерна Европа" од Џ. П. Гуч и Ј. М. Јовановиќ, но, со поголемо конкретизирање решенијата на реформените програми, донесени во периодот 1903—1908 година.[125]) На кратко за зависноста на Македонија од дипломатските односи во империјализмот се задржува В. Л. Лангер (W. L. Langer) во својата „Дипломатија на империјализмот."[126]) Иако студијата ги зафаќа проблемите до 1902 година, заклучоците во неа се од значење за суштината на империјалистичката дипломатија. Ваква воопштеност, што се однесува и за македонските реформи од времето на Мирцштег и останатите, констатираме и во советската историја на дипломатијата, под редакцијата на В. П. Потемкин[127]) и во некои други дипломатски истории.[128])

Во специјалните истории за дипломатската историја на одделни блокови на империјалистички сили или на одделни држави бележиме, исто така, какошто понапред констатиравме за општите дипломатски истории, константен интерес за дипломатската историја на македонското прашање и за односот кон ова прашање на европската дипломатија. Така, Вл. Шулек во својата „Дипломатска историја на централните сили" му посветува нужно внимание на ова прашање. Посебен акцент тој обрнува на решенијата во мирцштегската реформена програма, како и на останатите реформи за Македонија од 1903—1908 година. Излагањето е мошне добро документирано со дипломатска кореспонденција[129]. Односот на британската дипломатија кон настаните во Македонија во време на Илинденското востание разработен е и во „Кембриџката историја на британската надворешна политика." Особено е потенцирана британската дипломатија околу донесувањето и спроведувањето на решенијата од мирцштегската реформена програма.[130])

---

[122]) A. Debidour, Histoire Diplomatique de L'Europe. T. II. Vers la Grande Guerre (1904—1916). Paris 1917, 103—110.

[123]) R. Pinon, Histoire Diplomatique de 1515 à 1928. Paris.

[124]) H. Hauser, Histoire Diplomatique de l'Europe. T. II. Paris 1929.

[125]) Џ. П. Гуч—Ј. М. Јовановић, Дипломатска историја Модерне Европе, 1878—1919. Београд 1933, 335—344.

[126]) W. L. Langer, The Diplomacy of Imperialism, 1890—1902. Vol. I—II. New York—London 1935 (За Македонија, I, 303—306).

[127]) История Дипломатии. Ред. В. П. Потемкин, Москва—Ленинград 1945 (В. М. Хвостов, Борьба Антанты и Австро-Германского блока, 184—187).

[128]) Напр. J. Droz, Histoire diplomatique de 1648 à 1919. Paris 1952; и други.

[129]) Vl. Šulek, Diplomatska historija Centralnih sila 1882—1915. I. sv. Zagreb 1938, 143—159.

[130]) Ward A. W., and Gooch G. P. (Ed.), The Cambridge History of British Foreign Policy, 1783—1919. Vol. III. Cambridge 1923 (III. Macedonia, 1901—1907, 375—376). Како дополнување на британската надворешна политика во тоа време служат и податоците од биографијата на Лордот Ленсдаун (Lansdowne), тогашен секретар за надворешни работи. Види: Lord Newton, Lord Lansdowne. A Biography. London 1929, —Ch. XII. Turkey, 1903—1905, 301—303).

Во одделни студии за актуелните политички настани на империјализмот исто така го забележуваме интересот за дипломатските аспекти на македонските настани од времето на Илинденското востание и по него. Така, Р. Пинон во една студија го разгледува македонското прашање како актуелно политичко прашање.[131]) Овој истакнат историчар и историчар на дипломатијата и со овој прилог мошне придонел за актуелизацијата на македонското прашање во европската дипломатија, а исто така и во литературата.

Односот на дипломатијата на одделни сили кон ова прашање е исто така разработуван во одделни студии и статии. Така, А. Гешке (A. Geschke) расправа за германската политика по македонското прашање.[132]) Љ. Милетич го третира односот на Велика Британија во историјата на македонското прашање. Посебен акцент е даден на британската политика кон реформите и тоа нарочно за оние донесени по востанието.[133]) И. В. Бестужев во студијата за борбата во Русија по прашањата на надворешната политика, ја анализира царистичката политика и по однос на македонските реформи во периодот 1903—1908 година. Интересно е да се констатира дека во излагањето се ползувани извори од Архивата на надворешната политика на Русија.[134])

4. За дипломатските аспекти на македонското прашање од периодот на Илинденското востание и по него, обрнато е знатно внимание и во општите и специјалните прегледи и студии по источното прашање. Таквото внимание произлегувало од тоа што македонското прашање претставувало суштествен дел во таканареченото „источно прашање". Затоа и разгледувањето на актуелните страни на ова прашање стриктно се поврзува со проблематиката на источното прашање, како негов составен дел. Така, Шерадам (Cheradame) источното прашање го поврзува со прашањето на Македонија и изградбата на Багдадската железница.[135]) К. Раковски источното прашање го анализира поврзано со империјалистичката политика на Силите. Тука е вклучено и прашањето на Македонија.[136]) Опстоен преглед на проблемот дава Ј. А. Р. Мариот (J. A. R. Marriott) во својата историја на источното прашање. На македонскиот проблем тој му обрнува знатно внимание.[137]) Откако подвлекува дека „Македонија е микрокозам на балканскиот проблем" тој обрнува внимание посебно на реформите и тоа особено реформите до-

---

[131]) R. Pinon, Le Questions actuelles de politiques étrangéres en Europe. — La Question de Macédoine et des Balkans. Paris 1911.

[132]) A. Geschke, Die Deutsche Politik in der Mazedonischen Frage bis zur türkischen Revolution von 1908. Danzig 1932.

[133]) Л. Милетич. Англия в историята на Македонския въпрос. — Македонски преглед II/1 (1926), 115—118.

[134]) И. В. Бестужев, Борьба в России по вопроси Внешней политики 1906—1910. Москва 1961, 180—191.

[135]) Chéradame, La Question d'Orient. La Macédoine, le chemin de fer de Bagdad. Paris 1903.

[136]) C. Rakovski, La Question d'Orient et les Puissances. — Revue de la Paix (Novembre 1908).

[137]) J. A. R. Marriott, The Eastern Question. London 1958 (I — изд. 1917). — The Macedonian Problem, 408—436.

несени во периодот 1903—1908 година.[138]) Воопштен осврт на овие реформи наидуваме и во прирачникот за источното прашање на Ж. Ансел (J. Ancel).[139]) Г. П. Генов во својата историја на источното прашање пристапува во излагањето со поопстојна анализа на овој проблем. Тој, на македонското прашање му повсетува посебно поглавје, со акцентирање политиката на силите и донесувањето на реформи за Македонија. На мирцштегската реформена програма е обрнато посебно внимание.[140]) Сличен третман наидуваме и кај И. Алтанов (И. Алтънов) во неговата студија за источното прашање и нова Турција. За македонските реформи, политиката на силите и прашањето на Македонија изнесува доста образложено изложение.[141]) В. Поповиќ во својата историја на источното прашање обрнува, исто така, внимание на реформите за Македонија, со акцентирање на судрувањата помеѓу империјалистичките сили на Истокот.[142]) Третман за источното прашање низ призмата на политиката на империјалистичките сили изнесува и Ив. Панајотов, во студијата за источното прашање и неговото влијание врз настаните од најновата историја. Во склопот на таа политика изложен е во општи црти и односот кон Македонија.[143])

Во одделните студии за политиката на силите кон источното прашање исто така бележиме интересни третмани и за местото на Македонија во таа политика. За политиката на Русија за одбележување се студиите на Христов[144]) и гроф Трубецкој.[145]) Интересни забележувања констатираме и во една статија на В. Поповиќ за односот на рускиот цар Никола кон источното прашање. Тука е одбележена и руската политика кон македонските реформи.[146])

Во општите истории на Турција исто така бележиме интересни податоци за Македонија. За пример само би ја зеле историјата на Турција од Полковникот Ламуш, издадена во Париз 1953 година, во која се анализирани македонските реформи од периодот 1903—1908 година.[147]) На бројните проекти за решавање на источното прашање, со делба на Турција, во која е опфатена и Македонија, се осврнува Т. Г. Џувара (T. G. Djuvara).[148]) Положбата на странците во Турција, кое прашање

---

[138]) Ibidem, 409—418.

[139]) J. Ancel. Manuel Historique de la Question d'Orient (1792—1925). Paris 1926, 221—222. Од сличен карактер е и студијата на: F. Cognasso, Storia della Questione dell'Oriente. Torino 1948.

[140]) Г. П. Генов, Източният въпрос. Част втора. София 1926, 509—528.

[141]) И. Алтънов, Източният въпрос и Нова Турция с особен оглед към интересите на България. София 1926, 79—82.

[142]) В. Поповић, Источно питање. Београд 1928, 155—157.

[143]) Ив. Панайотов, Източният въпрос и неговото влияние върху събитията от найновата история. — Годишник на Софийския Университет XXXIII (1936), 9—16.

[144]) Христов, Русия и Източният въпрос. София 1905.

[145]) Troubetzkoy (Compte), La politique Russe en Orient. Sofia 1910.

[146]) В. Поповић, Цар Никола и Источно питање. — Руско-Југословенски алманах 1934. Панчево 1934, 98 — 102. Тука би ја спомenaле и студијата: B. H. Sumner, Russia and the Balkans. London 1939.

[147]) Colonel Lamouche, Histoire de la Turquie. Paris 1953, 331—334.

[148]) T. G. Djuvara, Cent projets de partage de la Turquie (1281—1913). Paris 1914, 0—507.

е поврзано со односот и на Европа, ја разработува во својата студија К. Шлаговски (K. Schlagovski).[149]) Во врска со ова стои и економската зависност на Турција, од што зависело и политичкото дејствување, односот и кон решавањето на актуелните аспекти на источното прашање. За ова прашање пишувано е доста во литературата. Како прилог на понапред споменатото за економската статистичка документација, се осврнуваме и на некои студии за економскиот развиток на Турција, односно Македонија, од значење за темава што ја разработуваме. Во опстојната студија за финансиите на Турција од Ш. Моравиц (Ch. Moravitz), даден е интересен и студиозен преглед на финансиската зависност на Отоманската империја од империјалистичките држави. Во прегледот опфатена е и Македонија.[150]) Општ поглед на турската економика, со осврт на француската и странската трговија, изнел во една своја студија Г. Карле (G. Carles).[151]) Образложено изложение за претворањето на Отоманската империја во полуколонија на империјалисттичките држави, со специјален осврт за влијанието на странскиот капитал во нејзината надворешната политика, изнесува А. Д. Новичев во својата студија за економиката на Турција.[152]) Специјален осврт за економиката на Европска Турција, односно Македонија, изнесува во својата статија А. Севастијанов. Тука среќаваме интересни податоци и за странскиот внос и извоз во Македонија и воопшто за интересот на капиталистите за македонските пазари.[153]) За ова прашање би ги навеле уште и работите на Д. Зографски[154]) и Д. Миљовска.[155]) Со наблегнунувањето на стопанската констелација на силите и нивното влијание во Турција, односно во Македонија, се овозможува подобро да се прецизира и нивната политика на ова подрачје.

5. Прашањето за односот на европската дипломатија кон Илинденското востание и кон настаните во Македонија по востанието е разработено и во општите истории и во специјалните студии за Балканот, за балканската дипломатија, политиката на балканските држави кон Македонија. Во Карнегиеввата анкета за Балканите одделено е посебно место на Македонија, нејзината борба за автономија и македонските реформи.[156]) Тоа е мошне објективно и документирано изложение. Предисторијата на балканските војни А. Тошев, во својата обеместа

---

[149]) K. Schlagowski, Die Stellung der Ausländer in der Türkei. Berlin 1913, 14—70.

[150]) Ch. Morawitz, Les Finances de la Turquie. Paris 1902—20—326.

[151]) G. Carles. La Turquie Économique. Ètude comparative du commerce français et étranger. Paris 1906. (Н. Михов, Библиографски източници. София, Т. II, 21).

[152]) А. Д. Новичев, Очерки экономики Турции до Мировой войны. Москва—Ленинград, АН СССР 1937, 43—249.

[153]) А. Севастиянов, Економически развой на Европейска Турция. — Македоно-Одрински Преглед (София) I/24 (1906), 381—383.

[154]) Д. Зографски, Надворешната трговија на Македонија, од средината на XVIII век до почетокот на XX век. — Годишник на Економскиот Факултет во Скопје IX (1962), 67—95.

[155]) Д. Миљовска. Економски основи друштвене структуре македонских градова у другој половини XIX века — Годишен зборник на ФФ, 15 (1963), 100—108.

[156]) Enquête dans les Balkans. Dotation Carnegie pour la Paix Internationale 1914, 14—15.

студија за овие војни, ја поврзува со положбата во Македонија во време и по Илинденското востание. Посебен акцент во излагањето е дадено на реформите во Македонија.[157]) Во еден општ преглед на дипломатската историја на балканските држави од С. Данев на македонското прашање и на односот на европската и на балканската дипломатија кон него, му е обрнато достатно внимание. Авторот смета дека македонското прашање од локално станало европско прашање. Посебен акцент е даден на македонските реформи.[158]) Во опстојната историја на Балканите од Л. С. Ставрианос, нужно внимание му е обрнато и на македонското прашање. Посебно е нагласена политиката на Силите и на балканските држави кон Македонија. Потенцирани се решенијата од мирцштегската реформена прогама.[159]) Во излагањето на наведените прашања Л. С. Ставрианос пристапил со голема доза на објективност, со подвлекување справедливите барања на Македонците.

Поврзано со националните револуции на балканските народи го разгледува дипломатското прашање на Македонија во периодот на и во време на Илинденското востание и Д. Ѓорѓевиќ.[159]-а).

Општи констатации за ова прашање наидуваме во една советска општа историја на јужните и западните Словдни, со набележување на надворешната политика на балканските држави кон Македонија.[160]) Исто така во една друга советска публикација и тоа историја на Југославија, обрнато е внимание, малку поосптојно на ова прашање. Истакнато е за одгласот на востанието во Европа и во Русија, а исто така и за решенијата на мирцштегската реформна програма.[161])

Односот на југословенските социјалисти према Илинденското востание бил мошне значаен. За ова прашање ја истакнуваме работата на Д. Зографски, која придонесува поаргументирано да се постават и анализираат становиштата на југословенските социјалисти по македонското прашање.[162])

Политиката на балканските држави према Илинденското востание и настаните во Македонија по востанието е исто така разработувана во литературата. Во општите и специјалните прегледи од историјата на Бугарија нагласена е како бугарската политика кон Илинденското востание, така и европската политика кон ова прашање. Потребно е да се нагласи дека повеќе од образлагањата треба да се примаат со резерва, бидејќи настаните се протолкувани од призмата на големобугарскиот шовинизам. Така, во една публикација за бугарското прашање и балкан-

---

[157]) А. Тошев, Балканските войни. Т. I. София 1929, 123—156.

[158]) Др С. Данев, Очерк на дипломатическата история на Балканските държави. София 1931², 106—113. Од истиот автор: Реформената акция. Съвременик (София) I/2; Най—Нова дипломатическа история. (От Виенския конгрес до днес). София 1936, 94—99.

[159]) L. S. Stavrianos, The Balkans since 1453. New York 1959 , 519—524.

[159]a) D. Djordjević, Revolutions nationales des peuples Balkaniques 1804—1914. Beograd 1965, 94—208.

[160]) История южных и Западных Славян. Москва 1957, 376—377.

[161]) История Югославии. Т. I. Москва 1963, 635.

[162]) Д. Зографски, Југословенските социјалисти за македонското прашање Скопје 1962, 106—150.

ските држави од 1919 година нагласена е европската интервенција во Македонија и бугарската политика.[163]) Специјално изложение за односот на Бугарија кон македонското прашање објави К. Соларов. Посебно поглавје во оваа книга е посветено на односот на Бугарија кон реформеното дело на Европа во Македонија.[164]) Сличен третман наидуваме и во студијата на К. Крачунов за надворешната политика на Бугарија.[165]) На политиката на Бугарија кон Македонија и на бугарско-турските односи во 1903—1904 година се задржува во една статија и М.. Пандевски. Посебно е потенциран ставот на бугарската влада према Илинденското востание.[166])

Во историјата на нова Бугарија од Н. Станев разработено е прашањето за мешањето на Европа во македонските работи, со потенцирање на дипломатската активност.[167]) А во најновата историја на Бугарија општо се говори за бугарската политика кон Илинденското востание и за одгласот на самото востание сред бугарскиот народ.[168])

И во општите и специјалните прегледи за историјата на Србија наведена е српската политика кон Македонија, а исто така и односот на Европа по тоа прашање. Треба и овдека патем да се нагласи дека е потребно внимателно ползување со големосрпската пропагандна литература, која на прв план ги поставувала големосрпските претензии кон Македонија. Во бројната литература е можно да издвоиме само некои позабележителни работи. Така, Х. Маркусе (H. Marcuse) во една работа објавена во Берлин во 1908 година говори специјално за односот на Србија кон революционерното движење во Македонија.[169]) Во студијата за владата на Александар Обреновиќ Сл. Јовановиќ посветува посебно поглавје за политиката на Обреновиќите кон Македонија.[170]) Српската политика за односот на европската дипломатија кон Македонија и донесувањето на реформите ја образложи В. Поповиќ. Посебно се нагласени решенија од мирцштегската реформена програма.[171]) На ова прашање опстојно се задржува и Вл. Ќоровиќ во својата студија

[163]) La Question Bulgare et les Etats Balkaniques. Sofia 1919, 21—22.

[164]) К. Соларов, България и македонският въпрос. Причините на Балканските войни. София 1925, 117—128. Книгата е дел од студијата на истиот автор: K Solarov, La Bulgarie et la Question Macédonienne. Les causes des guerres balkaniques. Sofia 1919. за бугарската политика кон македонското прашање и кај: A. U. Hyde, A Diplomatic History of Bulgaria. Urbana 1928.

[165]) K. Kratchounov, La Politique Extérieure de la Bulgarie, 1880—1920. Sofia 1932, 32—33.

[166]) М. Пандевски, Политиката на бугарското кнежевство спрема македонското ослободително движење и бугарско-турските односи (1903—1904). — Гласник V/2 (1961), 144—156.

[167]) Н. Станев, История на Нова България 1878—1928. София 1929, 166—170.

[168]) История на България. Т. II. София, БАН, 1955, 216,. (Постои и советско издание).

[169]) Dr Hugo Marcuse, Serbien und die Revolutionsbewegung in Makedonien. Berlin 1908.

[170]) Сл. Јовановић, Влада Александра Обреновића. Кн. II (1897—1903). Београд 1931, 327—371.

[171]) Др Васил Поповић, Европа и Српско питање у периоду ослобођења 1804—1918). Београд, s. a., 135—142.

за односите помеѓу Србија и Австро-Унгарија во XX век. Прашањето за реформите е посебно разработено и тоа доста документирано.[172]) Ставот на српската социјалдемократија е исто така разработен. Потпишаниот на оваа работа објави една статија за односот на српската социјал-демократската партија кон Илинденското востание.[173]) А. З. Приклмајер објави еден пообразложен осврт за ставот на српската социалдемократија кон македонското национално прашање, што е од значење и за нашата тема.[174])

Во литературата се правени обиди да се разјасни и политиката на Црна Гора кон Илинденското востание. За ова потпишаниот на оваа работа има напишано еден осврт.[175])

Грчката политика кон Илинденското востание и кон настаните во Македонија е исто така во голема мера разработена. Пред сè за ова постои една опстојна пропагандна литература, со претензии да ја објасни мегаломанската политика на Грција кон Македонија. Уште во текот на самата 1903 година македонскиот силогос во Атина го објаснува својот став по македонските реформи.[176]) Н. Казасис во една студија за елинизмот во Македонија, објавена во Париз 1903 година, го објаснува големогрчкиот став кон Македонија.[177]) Ист е случајот и работата на М. Паиларес.[178]) Во познатата дипломатска историја на Грција од Е. Дрио и Л' Херитие М. (E. Driault, L'Heritier M.), изложени се и дипломатските акции на Грција и кон Македонија.[179]) С. Е. Форстер (S. E. Forster) во својата кратка историја на модерна Грција го објаснува и ставот на Грција по македонското прашање и по македонските реформи.[180]) За грчката политика кон Македонија е доста пишувано. Тоа е повеќе пропаганда литература, наменета да ги објасни големогрчките стремежи кон Македонија.[181]) Критика на оваа литература даде Л. Мојсов во својата студија за прашањето на македонското национално

---

[172]) В. Ћоровић, Односи између Србије и Аустро-Угарске у XX веку. Београд 1936, 9—64. За српската политика по ова прашање од значење и студијата на: W. S. Wucinich, Serbia between East and West (1903—1908). Stanford (Calif). 1954.

[173]) Х. Г. Андоновски, Илинденски устанак и српска социјал-демократска партија. — Политика (Београд) 23. VII. 1953, 5.

[174]) З. Приклмајер, Српската социјал-демократија и македонското национално прашање. — Современост (Скопје) IV/5 (1959), 355—369.

[175]) Х. Г. Андоновски—Пољански, За односот на Црна Гора спрема настаните во Македонија во 1903 г. — Гласник II/2 (1958), 159—164.

[176]) La Macédoine et les réformes. Memoire du Sylogue Macédonien d'Athénes. Athénes 1903.

[177]) N. Kasasis, L'Hellenisme et la Macédoine. Paris 1903. R. Pinon (L'Europe et L'Empire Ottoman, 106), забележува дека во Париз во 1903 година излегувал грчкиот весник: „L'Hellénisme", преку кој се ширела грчката пропаганда за Македонија.

[178]) M. Paillarés, L'Imbroglio macédonien. Paris 1907.

[179]) E. Driault, L'Héritier M,. Histoire Diplomatique de la Gréce de 1821 a nos. jours. Vol. IV—V. Paris 1925—1926. Види исто кај: Σ. Λάσκαρι, Διπλωματική Ἱστορία τῆς Ἑλλάδος 1821 — 1914. 6. Εν Ἀθήναις 1947, 205 — 210.

[180]) S. E. Forster, A short History of Modern Greèce, 1821—1956. London 1958 35—39.

[181]) За ова види: Х. Андоновски—Пољански, Ситуацијата, 35 (Забелешка 150)

малцинство во Грција.[172]) М. Х. Василев го разјасни андартското движење и неговата дејност во Македонија.[183])

Романската политика кон Илинденското востание е исто така разработена во литературата. Постојат и по ова прашање пропагандни трудови со цел да ја објаснат големоромanската политика кон Македонија. Така. Н. Папахаги[184]) и И. Барбулеску[185]) во своите трудови ги подвлекуваат големоромanските претензии кон Македонија.

Во најновата историја на Албанија краток осврт е даден на македонските реформи, а посебно на мирцштегските реформи.[185]а).

6. Односот на европската дипломатија и на општественото мислење кон Илинденското востание и кон настаните во Македонија по востанието разработен е и во општите и специјалните прегледи и студии за историјата на Македонија и поспецијално за македонското национално-ослободително движење. Во работите на Д. Влахов за историјата на македонскиот народ во општи црти засегнато е прашањето за одгласот во востанието и реформите за Македонија[186]). Љ. Лапе во својот Краток преглед на македонската историја исто така накратко се осврнува на ова прашање.[187]) Малку поопстојно на ова прашање се задржува А. С. Шофман во својот стојносен труд за историјата на Македонија и на македонскиот народ. Особено е ценето неговото излагање за руската политика, општественото мислење и печатот за Илинденското востание.[188]) Во пропагандната студија на Ј. М. Јовановиќ од историјата на Македонија засегнато е прашањето на реформената акција во Македонија.[189]) Н. Струмзи во својата книга за Македонија, издадена во Александрија 1945, изложува интересни податоци за односот на европската дипломатија кон Македонија. Посебно се задржува на решенијата во мирцштегската реформена програма. Во посебно поглавје разработува едно интересно прашање за правните аспекти на македонското прашање од гледиштето на меѓународното право.[190])

Во прирачникот на А. Томов и Г. Баждаров за револуционерното движење во Македонија разработено е прашањето за односот на јавното мислење во Европа кон Илинденското востание и реформите за Маке-

---

[182]) Л. Мојсов, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција. Скопје 1954, 37—86, 321—322.

[183]) М. Х. Василев, „Македонската борба" на грчките андарти. — Современост, V/4 (1955), 287—308.

[184]) N. Papahagi, Les Roumains de Turquie. Bucharest 1905.

[185]) И. Барбулеску, Румуни према Србима и Бугарима, нарочито са погледом на питање Македонских Румуна. Београд 1908.

[185]а) Види: Historie e Shqipërisë, II. Tirane 1965, 270—272.

[186]) Д. Влахов, Македонија. Моменти од историјата на македонскиот народ. Скопје 1950, 139—151 261—263; Истиот: Из историје македонског народа. Београд 1950, 41—43.

[187]) (Љ. Лапе), Кратак преглед македонске историје. Београд 1955, 20—23.

[188]) А. С. Шофман, Очерки по истории Македонии и македонского народа. Т. II. Казан 1960, 63—104.

[189]) Ј. М. Јовановић, Јужна Србија од краја XVIII века до ослобођења. Београд, с. а., 17—19, 149—150.

[190]) N. Stroumzi, La Macédoine. Etude historique, ethnologique, et de droit public. Alexandrie 1945, 91—103, 177—222.

донија донесени во периодот 1903—1908 година.[191]) Во стандардната историја на ослободителните борби на Македонија од Хр. Сиљанов, достатно внимание е обрнато на положбата во Македонија во време и по востанието, на реформирањето и на одгласот на востанието во странство.[192]) Исто така ова прашање е разработено и во историјата на македонското ослободително движење во Д. Ќосев.[193]) Стојносни податоци наоѓаме и во студијата на J. Сваир (J. Swire) за македонското ослободително движење, со акцентирање на реформите, особено на мирцштегската реформена програма.[194]) Особено ценета е анализата за дејствувањето на странските пропаганди во Македонија и политиката на балканските буржоазии наоѓаме во студијата на Л. Колишевски.[195]) За односот на македонското ослободително движење кон Егзархијата, поспецијално за односот на последната кон Илинденското востание се задржа во една работа Сл. Димевски.[196]) J. A. Писарев во една студија за ослободителното движење во Македонија и Косово во 1905—1909 година изнесува интересни податоци за нашава тема, ползувани од архивата на надворешната политика на Русија.[197]) М. Пандевски разработи едно интересно прашање за обидите на ВМРО да воспостави надворешно-политички врски во текот на Илинденското востание.[198]) На проектите за уредување на Македонија во време на Илинденското востание се задржа во една статија авторот на овие редови.[199])

Во студиите за македонското национално прашање политиката на европската дипломатија кон Илинденското востание посебно е потенцирана. Така, Г. Баждаров посветува посебно поглавје за односот на големите сили кон македонското прашање во периодот на Илинденското востание. Посебно се акцентирани реформите за Македонија донесени во периодот 1903—1908 година.[200]) На истово прашање се задржува и Ив. Стојанов во својата работа за Македонија и македонското прашање.[201]) В. Смилевски во својата студија за македонското национално

[191]) A. Thomoff et G. Bajdaroff, Le Mouvement Révolutionnaire en Macédoine. Sofia 1918, 77—124.

[192]) Хр. Силянов, Освободителните борби на Македония. Т. I—II. София 1933, 1943.

[193]) Д. Кьосев, История на македонското национално-революционно движение. София 1954, Од истиот автор: Илинденското въстание. София 1953; Борбите на македонският народ за освобождение. София 1950.

[194]) J. Swire, Bulgarian Conspiracy. London 1939, 101—111.

[195]) Л. Колишевски, Историја, стварност, аспирации. Скопје 1958, 26—38; Исто во: „Аспекти на македонското национално прашање". Скопје 1962, 358—373.

[196]) Сл. Димевски, Македонското национално-ослободително движење и Егзархијата (1893—1912). Скопје 1963, 59—67.

[197]) Ю. А. Писарев, Из истории и национально-освободительного движения в Монастырщине и Косовом Поле в 1905—1906. — Учение записки Института Славяноведения АН СССР XII (1956), 65—102.

[198]) М. Пандевски, Обиди на ВМРО за воспоставување на внатрешни и надворешно-политички врски во текот на Илинденското востание. — Гласник III/2 (1959), 47—68.

[199]) Хр. Пољански, Еден проект за автономијата на Македонија од 1903 год. —Разгледи II/14 (1955), 11—12.

[200]) Г. Баждаров, Македонският въпрос вчера и днес. София 1927 , 24—44.

[201]) Ив. Стоянов, Македония и македонският въпрос, София 1933, 184—197.

прашање одделува посебно место во излагањето за да ја образложи политиката на големите сили.[202]) Т. Влахов го разработува прашањето за политиката на инмперијалистичките држави кон македонското прашање во одделна статија.[203])

Објавени се специјални осврти, а исто така тоа прашање е третирано и во општите трудови, за односот на европската дипломатија и на општественото мислење кон Илинденското востание и приликите во Македонија по востанието. Г. Баждаров во една статија се осврна на Илинденското востание од меѓународно гледиште.[204]) Д. Левков на кратко го разработи прашањето за ставот на големите европски и балкански држави кон Илинденското востание.[205]) А Ѓ. Абациев се осврна на меѓународната ситуација во време на Илинденското востание.[206]) Г. Кулишев го разработи прашањето за односот на балканските буржоазно-монархиски клики кон Илинденското востание.[207])

За текот на Илинденското востание и за последиците од востанието од интерес се и работите на К. Веселинов[208]), Д. Зографски[209]) Љ. Лапе[210]). За истово прашање ја ползуваме и работата на А. Динев за Илинденското востание. Во неа, е разработено и прашањето за донесувањето на мирцштегската реформена програма.[211]) Во опстојниот труд за Илинденското востание А. Митрев говори и за односот на европската дипломатија и општественото мислење кон востанието.[212]) Одразот на Илинденското востание во уметничката литература го разработи Д. Митрев[213]), а надворешно-политичките врски на востаниците во време на илинденското востание А. Христов.[214])

7. Односот на европското општествено мислење кон Илинденското востание делумно е разработено во специјални трудови. Треба да споменеме дека тоа не се комплексни прегледи, туку се работи за делумна

---

[202]) В. Смилевски, Осврт на развојот на македонското национално прашање. — Комунист (Београд—Скопје) IV/1 (1950), 90—97.

[203]) Т. Влахов, Политиката на империалистичките държави и македонския въпрос. — 50 години от Илинденското въстание. София 1953, 16—25.

[204]) Г. Баждаров, Илинденското въстание от международно гледище. — Свобода или смърт (София) II/39 (1. VIII. 1926).

[205]) Д. Левков, Ставот на големите европски и балкански држави спрема Илинденското востание. — Нова Македонија 1. VIII. 1948, 3—4.

[206]) Г. Абациев, Илинденското востание и меѓународната ситуација. — Нова Македонија 2. VIII. 1953.

[207]) Г. Кулишев, Илинден и балканските буржоазно-монархически клики. — 50 години от Илинденското въстание. София 1953, 26—31.

[208]) К. Веселинов, Възраждането на Македония и Илинденското въстание. София 1939, 63—65.

[209]) Д. Зографски, Крушовска Република. Скопје 1948.

[210]) Љ. Лапе, Крушовска Република. — Илинденски зборник, 152—162.

[211]) А. Динев, Илинденската Епопеа. II. Скопје 1949, 7—11.

[212]) А. Митрев, Илинденски устанак. — Војно-историски гласник II/5 (1951 100—131. Исто и во — Илинден 1903. Из борбе македонског народа за националну слободу. Београд 1954, 45—87.

[213]) Д. Митрев, Одразот на Илинденското востание во уметничката литература— Илинденски зборник, 255—297.

[214]) А. Христов, Организација на власта на востаничката територија за време на Илинденското востание. — Илинденски зборни, 163—188.

обработка на одделни покарактеристични промакедонски манифестации на европската јавност во полза на Македонија. Така, К. Стефанов се осврна на акциите на англо-саксонската јавност за Македонија.[215]) Л. С. Ставрианос изложи еден студиозен третман на дејноста на Балканскиот комитет за Македонија. Тој, особено се задржува на промакедонската ефективна дејност на овој комитет во периодот 1903—1908 година.[216])

Потпишаниот на оваа работа подолго време се занимаше со одгласот на востанието во странство. Тој, направи обид да разработи позабележителни моменти од историјата на промакедонските манифестации на европското општествено мислење. Тука би ги споменал работите околу акциите во печатот и дејноста на одделни европски дописници.[217]) Статиите околу акциите на францускотo и британското оштествено мислење за пропагирање на борбата на Македонците изразена преку Илинденското востание и организирање на помошна акција за помагање на настраданите од востанието.[218]) Поврзано со ова е и една статија за начинот како се вршела распределбата на помошта меѓу настраданите во востанието и организирање на санитарното дело.[219])

Потпишаниот во својата истражувачка работа за одгласите на Илинденското востание посебно внимание обрна на одгласот на востанието меѓу југословенските народи. За ова тој објави посебна работа, обидувајќи се да го зафати одгласот манифестиран кај сите југословенски народи.[220]) Покрај ова се осврна специјално и на одгласот на востанието кај одделни југословенски народи. Особено поопстојно го разработи одгласот на востанието меѓу Словенците[221]) и во Војводина.[222]) На одгласот во Војводина, поспецијално на дејноста на Македонците — емигранти за собирање помош, се осврна А. Лебл.[223])

---

[215]) C. Stephanove, The Bulgarians and Aglo-Saxondom, 183—200.

[216]) L. S. Stavrianos, The Balkan Committee. — Queen's Quarterly (Kingston Canada) XLVIII (1941), 258—267.

[217]) Напр. Односот на Ромуалд Пржевалски спрема македонското националослободително движење—Современост IV/4 (1954), 344—351; Македонските востаници. (Низ патеписните белешки на англискиот журналист Р. Вион. — Разгледи II/12 (38) (1955), 10—11; и други.

[218]) Напр. Илинденски одгласи. Илинденското востание и француското општествено мислење. — Разгледи III/16 (68) (1956), 1—2; Илинденски одгласи. Илинденското востание во печатот на Велика Британија. — Разгледи II/15 (1955), 3—4; и други.

[219]) Санитарното дело во Македонија по Илинденското востание организирано од британскиот „Македонски помошен комитет." — Нова Македонија 14. VII. 1953, 2.

[220]) Ехото на Илинденското востание сред југословенските народи. — Илинденски зборник 221—254; Исто во — Илинден 1903, 92—116.

[221]) Odjek Ilindenskog ustanka u Sloveniji. — Nastava istorije u srednjoj školi (Zagreb) I/2 (1951), 126—133; Nekaj prispevkov k odmevi makedonsko Ilindenske vstaje med Slovenci. — Kronika (Ljubljana) II/3 (1954), 201—204; и во други.

[222]) Македонија и Војводина. — Зборник Матице Српске за друштвене науке (Нови Сад) 23 (1959), 19—21.

[223]) А. Лебл, Илинденското востание и емигрантите — Македонци во Војводина —Гласник IV/1—2 (1960), 266—273.

* * *

Изложениот осврт за изворите и за литературата по односот на Европа кон Илинденското востание го регистрира богатиот фонд на документацијата и на развиената печатена продукција за овој така забележителен настан во поновата македонска историја. Прегледов служи како основа за да може и натаму да се пристапува кон проучување на ова прашање од сите негови аспекти.

*Hristo Andonov-Poljanski*

## APERÇU DES SOURCES ET DES OUVRAGES RELATIF À L' ATTITUDE DE L' EUROPE ENVERS L' INSURRECTION D' ILINDEN

(*RÉSUMÉ*)

L'auteur du présent article donne un aperçu général des sources et des ouvrages relatif à l'attitude de l'Europe envers l'Insurrection macédonienne d'Ilinden (1903). Cet événement tient une place importante dans l'histoire macédonienne moderne, car c'est par lui que les Macédoniens cherchérent leur salut de l'oppression ottomane. L' acte même de révolte qui ébranla les fondaments de l'Empire Ottoman et altira l'attention de la diplomatie, de la presse et de l'opinion européennes. L'intérêt qu' avait suscité la question macédonienne lors de l'Insurrection d'Ilinden ne laissa pas d'être marqué dans la correspondance diplomatique, publiée ou restée à l'état de manuscrit, surtout après la Ière guerre mondiale. Ces événements trouvèrent leur place dans les relations de voyage et dans les mémoires, de même que dans la presse contemporaine et dans la littérature, publiés au lendemain de l'Insurrection et aprés la Ière guerre mondiale.

Voulant altirer l'attention du monde savantsur la grande production relative à l'attitude de l'Europe vis-à-vis de l'Insurrection d'Ilinden, l'auteur ètudie en détails la documentation des Archives, publiée ou non publiée, selon les pays et les régions, puis les divers recueils diplomatiques ayant trait aux réformes oférées en Macédoine et à la politique de réformes des grandes puissances impérialistes, et finalement la politique des Etats balkaniques.

L'auteur signale plus particulièrement la documentation provenant des sources turques officielles, puis à celle de l'Organisation Intérieure.

Plus détaillée est l'analyse que fait l'auteur des ouvrages concernant les divers aspects de l'Insurrection d'Ilinden. Tant d'abord, il faut menti-

onner les ouvrages traittant les aspects économiques de l'Insurrection et la place que tenait la Macédoine dans l'ensemble de l'Empire Ottoman.

L'auteur fait une place à part à la presse contemporaine dont il analyse les articles relatif à l'Insurrection d'Ilinden.

La place centrale y est faite à l'attitude de l'opinion européenne sur la question macédonienne à l'epoque de l'Insurrection, ainsi qu' à la documentation et aux ouvrages s'occupent de ce problème.

Dans l'enregistrement la riche documentation, l'auteur applique la méthode chronologique et thématique, tout en plaçant l'accent sur la valeur de chacun des ouvrages examinés.